Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 309 1 ноември 2022 година

ноември 2022 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник од сите звања за наставно-научните области метод на анализа и функционирање на претпријатието (21100) и организација на административните процеси (21106) на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научна област хирургија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно- научната област гинекологија и акушерство на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 29

**РЕФЕРАТ** на докторска дисертација со наслов „Когнитивно функционирање и квалитет на живот кај пациенти со шизофренија”, пријавена на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педагогија“ – рецензирана скрипта од автор доц. д-р Лидија Камчева-Панова,Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 48

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот „Практикум по македонска книжевност XV-XVIII век“ од насловен доцент д-р Весна Кожинкова, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 51

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот „Македонска книжевност XV-XVIII век“ од насловен доцент д-р Весна кожинкова, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот (учебник) „Облигационо право - општ дел” од вонреден професор Марија Амповска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 58

**ПРЕГЛЕД** на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научниот совет на докторски студии на кампус 2 .......... 62

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата .......... 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕТОД НА АНАЛИЗА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО (21100) И ОРГАНИЗАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ (21106) НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Со Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Рецензентска комисија бр. 2202-89/3 од 5.10.2022 година, донесена на 133. седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите научни звања од наставно-научните области *метод на анализа и функционирање на претпријатието* (21100) и *организација на административните процеси* (21106) на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– д**-р Радмил Поленаковиќ**, редовен професор на Машински факултет, **Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, области метод на анализа на структура и функционирање на претпријатието (21100) и индустриска динамика (21108) –** претседател;
– д**-р Валентина Гечевска**, редовен професор на Машински факултет, **Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, области производно машинство, технологии и системи (21403) и организација на технолошки процеси (21105) -** член;
– **- д-р Симеон Симеонов**, редовен професор (во пензија) на Машински факултет, **Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, области машински елементи и технички системи (21401) и производно машинство, технологии и системи (21403) –** член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 15.6.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Мишко Цидров, вонреден професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Машински факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Мишко Цидров е роден на 28 февруари 1981 г. во Штип, каде што ги завршува основното и средното образование. Дипломира на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока Индустриско инженерство и менаџмент, со просечна оценка 9,51. Се стекнал со диплома дипломиран машински инженер (1999 - 2004 г.). Образованието го завршува со награди за најдобар студент на Машинскиот факултет – Скопје во 2000 и 2004 г. и Награда за најдобар студент од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во 2002/2003 г.

По дипломирањето кандидатот работи една година во Стопанска банка а.д Скопје, како дел од VISA центарот и една година во Пексим - Скопје (Pexim Solution) како проект-менаџер.

Во 2006 година под стипендија на Кинескиот совет за стипендии (China Scholarship Council) се запишува на магистерските студии во НР Кина, на Технолошкиот универзитет „Вухан“, Хубеи провинција во НР Кина (Wuhan University of Technology, Hubei, China). Магистрира во 2009 година со истражување на тема „Истражување на ефектот на Земја на потекло – студија за Македонија“ и се стекнува со диплома магистер по бизнис администрација – МБА (2006 - 2009 г.).

Во 2009 година е награден со дистинкција од Кинескиот совет за стипендии на НР Кина со стипендија за докторски студии. Кандидатот докторира на Технолошкиот

универзитет Вухан, Хубеи провинција, НР Кина (Wuhan University of Technology, Hubei, China). Насловот на темата на докторатот е „Влијание на ризик врз прераспределбата на средствата при заедничкото вложување кај директни странски инвестиции во Република Македонија“. Притоа се стекнува со диплома доктор на науки по менаџмент и инженерство (2009 – 2012 г.).

Во 2012 година почнува наставно-образовната и научноистражувачката дејност на кандидатот, како доцент **на Машинскиот факултет** при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2017 година е избран во звање **вонреден професор** од страна на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од февруари 2015 до септември 2019 година ги извршува работните задачи како продекан за настава на Машински факултет. Од вработувањето па до денес е вклучен во голем број активности на Универзитетот. Во рамките на своето стручно усовршување реализирал специјализирани обуки и тренинзи во земјава, но и во Словенија, Италија и Шпанија.

Ректорската управа на 181. седница, одржана на 16.9.2019 година, по предлог на ректорот бр. 0204-642/3 од 16.9.2019 година, го избра д-р Џидров за **проректор за настава и студенти** на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Ректорската управа на 215. седница, одржана на 15.9.2022 година, по предлог на ректорот бр. 0204-557/1 од 15.9.2022 година, го избра д-р Џидров за **проректор за настава и студенти** на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех
  - додипломски студии 9,51, постдипломски студии 90.2 (еквиваленција 10);
- Научен степен - магистер, доктор на науки од научната област за која се избира
  - магистерски студии во НР Кина, на Технолошкиот универзитет „Вухан“, Хубеи провинција во НР Кина (Wuhan University of Technology, Hubei, China). Диплома магистер по бизнис администрација (2006 - 2009 г.);
  - докторски студии на Технолошкиот универзитет Вухан, Хубеи провинција, НР Кина (Wuhan University of Technology, Hubei, China). Доктор на науки по менаџмент и инженерство (2009 – 2012 г.).
- Претходен избор во звање
  - вонреден професор, Одлука бр. 2202-88/10 од 17.7.2017 година донесена на 61. седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 14.7.2017 година;
  - доцент со Одлука за избор бр. 0402-7/49 од 27.12.2012 година, донесена на седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет;

- објавени научни трудови во референтна научна публикација

| Бр. | Автор | Наслов на труд | Списание | Год. на излегу вање |
|---|---|---|---|---|
| | **Dzidrov, Misko** | Barriers and challenges of transferring modern Project management principles in Western Balkan region. | International Scientific Journal Science Business Society, Year 4 (1/2019). pp. 19-22. ISSN 2367-8380 | 6 |
| | **Dzidrov, Misko** | Defining objectives and measures for quality assurance at university. | International Journal of Scientific & Engineering Research, 9 (12). pp. 1776-1779. ISSN 2229-5518 | 12 |
| | **Dzidrov, Misko** | Research on project management barriers in Western Balkan region. | International Journal of Scientific & Engineering Research, 9 (11). pp. 1679-1683. ISSN 2229-5518 | 12 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Dzidrov, Misko** | Project Management as an instrument to support innovation for country development – Macedonia case study. | International Journal of Scientific & Engineering Research, 8 (12). pp. 1809-1812. ISSN 2229-5518 | 12 |
| | Ding, Kele and Yang, Jingzhen and Chin, Ming-Kai and Sullivan, Lindsay and Demirhan, Giyasettin and Violant-Holz, Veronica and Uvinaha, Ricardo and Dai, Jianhui and Xu, Xia and Popeska, Biljana (et al. **M. Dzidrov)** and Mladenova, Zornitza and Khan, Waheeda and Kuan, Garry and Balasekaran, Govindasamy and Smith, Gary. A, | Mental Health among Adults during the COVID-19 Pandemic Lockdown: A Cross-Sectional Multi-Country Comparison. | International Journal of Environmental Research and Public Health, 18 (5). p. 2686. ISSN 1660-4601<br><br>Impact Factor (2022)<br><br>= 0.81 | 18 |
| | Ding, Kele and Yang, Jingzhen and Chin, Ming-Kai and Sullivan, Lindsay and Durstin.J., Larry and Violant-Holz, Veronica and Demirhan, Giyasettin and Oliveira.R.C, Nara and Popeska, Biljana (et al. **M. Dzidrov**) and Kuan, Garry and Khan, Waheeda and Dai, Jianhui and Xu, Xia and Mladenova, Zornitza and Balasekaran, Govindasamy and Smith, Gary. A | Physical Activity among Adults Residing in 11 Countries during the COVID-19 Pandemic Lockdown. | International Journal of Environmental Research and Public Health, 18 (7056). pp. 1-16<br><br>Impact Factor (2022)<br><br>= 0.81 | 18 |
| | **Dzidrov, Misko** and Boev, Blazo and Zdravev, Zoran (2022) | Goce Delcev University Stip drives seamless transition to remote learning during pandemic. | In: Enlargement and Integration Workshop "Digital Transformation, Data and AI in the Western Balkans", 9-11 Dec 2021, Skopje. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Sovreski, Zlatko and Bouchner, Petr and Novotny, Stanislav and **Dzidrov, Misko** and Hristovska, Elizabeta | Human-Machine Interaction of Electric Vehicle. | Зборник на трудови од меѓународна научна конференција ICEST 2019 54th international scientific conference on information, communication and energy systems and technologies, 27-29 June 2019, Ohrid, Macedonia. | 59 |
| | Sovreski, Zlatko and Hristovska, Elizabeta and Jovanovska, Vangelica and **Dzidrov, Misko** and Sinani, Feta and Josevski, Zoran | Енергетска ревизија пројеката фотонапонске (фотоволтајне) електране. | Зборник на трудови од меѓународна научна конференција Savetovanje u Kostolcu, 01.05.2021, Kostolac. | 20 |
| | Mojsoska, Natasa and Spirovski, Mire and Sovreski, Zlatko and **Dzidrov, Misko** and Cekerovska, Marija | 3 MW biogas power plant in Porodin Vilage, Republic Of N. Macedonia. | Зборник на трудови од меѓународна научна конференција Savetovanje u Kostolcu 2020 | 20 |
| | Sovreski, Zlatko and **Dzidrov, Misko** and Hristovska, Elizabeta and Jovanovska, Vangelica and Mojsoska, Natasa and Sinani, Feta | Analysis of engine oils in modern diesel engines. | Зборник на трудови од меѓународна научна конференција Savetovanje u Kostolcu. 2020 | 20 |
| | Sovreski, Zlatko and **Dzidrov, Misko** and Hristovska, Elizabeta and Jovanovska, Vangelica and Mojsoska, Natasa and Josevski, Zoran | System of care for operating fluids and fillings of machines in energy and industrial company. | Зборник на трудови од меѓународна научна конференција Savetovanje u Kostolcu. 2020. | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Sovreski, Zlatko and Talevski, Nikolce and Josevski, Zoran and Hristovska, Elizabeta and **Dzidrov, Misko** and Sinani, Feta | Global logistic perspectives about quality of the concept for management of the communal waste in the environment. | Зборник на трудови од меѓународна научна конференција Savetovanje u Kostolcu. 2019. | 20 |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик
  - o успешно завршени магистерски и докторски студии на англиски јазик како доказ за познавање на англиски јазик,
  - o доставени свидетелства за завршени четири степени англиски јазик од Работнички универзитет „Ванчо Прке“ - Штип, Центар за странски јазици;
- Способност за изведување на високообразовна дејност
  - o д-р Мишко Џидров има десетгодишна академска кариера, во која започнал како доцент, па следува избор во вонреден професор на Машински факултет. Покрај матичниот факултет, има изведувано настава на неколку други факултети при УГД. Под негово менторство се изработени и одбранети преку 20 дипломски работи, а бил претседател или член на комисијата за оценка и одбрана на преку 100 дипломски работи и 2 магистерски труда. Исто така, бил член на Комисија за оценка и одбрана на три докторски труда, од кои два на УКИМ и еден на УГД. Автор е на неколку учебни помагала за потребите на Факултетот. Коавтор е на монографија и државна стратегија од област. Во тек на работењето активно соработува со студентите за нивна вклученост во проектни активности и менторирање при нивни претприемачки чекори. Има објавено повеќе десетици стручни, научни и истражувачи трудови публикувани и цитирани на конференции и во журнали.

Посебни услови:

- Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачки резултати
  - o ES-BALK: The Ministry for Europe and Foreign Affairs Solidarity Funds for Innovative Projects, civil societies, Francophonie and human development. Higher education in the Western Balkans. “Tourism, culture and teaching of FLE in the Balkans (North Macedonia, Montenegro, Serbia)” (09.2021 – 12.2022)
    - ▪ Позиција: истражувач од УГД.
  - o Different approaches, one common goal, Cooperation Partnership in the field of Higher Education (2021-1-DE01-KA220-HED-000030321) (11/2021 - 11/2023)
    - ▪ Позиција: истражувач од УГД
  - o Жан Моне проект Jean Monnet project “The circular economy: the number one priority for the European Green Deal” (CIRECON) (09.2020 – 08.2022).
    - ▪ Позиција: проект-менаџер од страна на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
  - o CRDF Global project “Promotion of the Cyber Hygiene E-learning course” project by CRDF Global (Civilian Research and Development Foundation - USA (05.2021 - 09.2021)
    - ▪ Позиција: проект-менаџер од страна на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
  - o Еразмус+ проект Спорт 2020 “Be Value Reload” (01.2021 - 12.2022)
    - ▪ Позиција: истражувач од страна на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
  - o Еразмус+ проект “AGILE4CIRC - Agile leadership transformation for business in circular economy”, KA204 - Strategic Partnerships for adult education (2019 - 2021)
    - ▪ Позиција: проект-менаџер од партнерска страна (FOSTER-Stip)
  - o Обука на професори од средно образование во Македонија “Teaching and learning in the 21st century, creating innovative schools: preparing students for the 21st century”, под спонзорство на Биро за развој на образованието. (10.2018 - 12.2018)
    - ▪ Позиција: тренер од партнерска страна (NCDIEL-Skopje)
  - o Проект EuropeAid MK-2010-EOT-2804616920, RISE! - Roma Inclusion through Social

Entrepreneurship, Budget line: IPA- Human Resource Development 04 06 01 (12.2016 - 12.2017)

- Позиција: проектен спонзор и апликант од партнерска страна (NCDIEL - Skopje).

- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници
  - во периодот 2018-2022 година, како вонреден професор, д-р Мишко Џидров соработува со неколку колеги - доценти и докторанди на предмети од областите на избор во звање во спроведувањето на наставата и вежбите.
- Има објавен рецензиран учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира
  - Монографија: проф. Радмил Поленаковиќ, д-р Ивана Станковска, м-р Момир Поленаковиќ, м-р Трајче Велковски, м-р Бојан Јовановски, **д-р Мишко Џидров** (2017) *Анализа на политиките и мерките за развој на претприемништвото и зголемување на вработеноста во Република Македонија - со посебен осврт на Ромската популација.* Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење, Скопје.

**Апстракт**: Развојот на претприемништвото и претприемачката култура сè ***почесто се актуализира и многу економски теоретичари и практичари за развојот на малите и средни претпријатија кои се иновативни и кои креираат нови работни места, го гледаат претприемништвото како двигател на економскиот развој и можност на излез на економска рецесија и подобрување на социо-економската состојба на економските субјекти/граѓаните. Креаторите и спроведувачите на политики во Република Македонија како дел од мерките за решенија за создавање на нови работни места и стимулации за економски раст ги промовираат политиките и мерките за претприемништво или вработување. Во контекст на нашиот проект и анализа, имајќи ја предвид специфичната (неповолна економска и социјална) ситуација во која се наоѓа ромската популација во Македонија, од уште поголемо значење се овие мерки, инструменти и активности кои можат најпрвин да ја зголемат свесноста, а потоа да ја подобрат инклузијата и социо-економската положба на Ромите во државата.***

*Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

***Кандидатот е избран во вонреден професор***, ***Одлука бр. 2202***-88/10 од 17.7.2017 година, ***донесена на 61. седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 14.7.2017 година.***

***Кандидатот е избран во доцент со Одлука за избор бр. 0402-7/49 од 27.12.2012 г., донесена на седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет***.

***До сега кандидатот учествувал во наставата на прв, втор и трет циклус студии со следниве предмети:***

- Прв циклус: Индустриски менаџмент, Инженерска економија, Проектен менаџмент, Интегрален развој на производи, Операциони истражувања, Менаџмент на МСП, Интегрален развој на производи, Управување со животен циклус на производ, Студија на работата, Стратегиски менаџмент, Оперативен менаџмент, Менаџмент на технолошкиот развој, Проектирање и симулации на деловни процеси;
- Втор циклус: Управување со проекти, Менаџирање со проектен ризик, Стратегиски менаџмент, Експериментални методи, МОНИР;
- Трет циклус: Менаџмент и контрола на квалитет, МОНИР.

*Трудови објавени во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на Конкурсот за избор:*

1. Dzidrov, Misko (2019) *Barriers and challenges of transferring modern Project management principles in Western Balkan region.* International Scientific Journal Science Business Society, Year 4 (1/2019). pp. 19-22. ISSN 2367-8380

   *Апстракт*: Проектниот менаџмент е ефективен пристап за управување кој се

покажа како голема вредност за развојот на регионот на Западен Балкан. Успешното идентификување, подготовка и имплементација на проекти може да им помогне на земјите во развој во нивниот напредок. Ова истражување се фокусира на земјите од Западен Балкан и најчестите бариери за управување со проекти. Тие се анализирани поврзани со две групи на бариери, едната поврзана со развојот на човечките ресурси и другата поврзана со функционирањето на владите. Подоцна, бариерите се поврзани со предизвиците идентификувани од областите на знаење за управување со проекти PMBOK и како тие влијаат на имплементацијата во анализираниот регион.

2. Dzidrov, Misko (2018) *Defining objectives and measures for quality assurance at university.* International Journal of Scientific & Engineering Research, 9 (12). pp. 1776-1779. ISSN 2229-5518

*Апстракт*: Целта на овој труд е да се прикаже пристапот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со цел да се обезбеди квалитет во севкупните процеси. Важноста на обезбедувањето квалитет е главен столб на Универзитетот и овде е претставен пристапот во дефинирањето на клучните цели за обезбедување квалитет. За секоја од целите се дефинирани мерки во корелација со универзитетската стратегија за развој. Целите и мерките се претставени со одговорни ресурси и одделенија во временска рамка и со средства за остварување. Секоја цел вклучува предизвици на кои треба да се одговори, за да се постигнат целта и мерките.

3. Dzidrov, Misko (2018) *Research on project management barriers in Western Balkan region.* International Journal of Scientific & Engineering Research, 9 (11). pp. 1679-1683. ISSN 2229-5518

*Апстракт*: Проектниот менаџмент се покажа како ефективен пристап за управување кој има потенцијал да биде од голема вредност за развој на земјите од Западен Балкан. Без успешна идентификација, подготовка и имплементација на проектот, проектните планови не се повеќе од само желби за правење нешто. Ова ги погодува земјите во развој бидејќи тие стагнираат или уназадуваат. Потребна е соодветна распределба и мобилизирање на ресурсите за да се стимулира развојот на земјата со соодветно производство на стоки и услуги. Ова истражување се фокусира на земјите од Западен Балкан и нивната неможност да идентификуваат, формулираат, подготвуваат и извршуваат соодветни проекти. Заедничките предизвици се дефинирани и главните бариери се детално елаборирани.

4. Dzidrov, Misko (2017) *Project Management as an instrument to support innovation for country development – Macedonia case study.* International Journal of Scientific & Engineering Research, 8 (12). pp. 1809-1812. ISSN 2229-5518

*Апстракт*: Источноевропските земји се сите во групата на скромни иноватори на Глобалниот монитор за претприемништво и сите тие имаат мали подобрувања во последните години. Сите тие имаат некои владини програми за поддршка на иновациите и претприемништвото. Управувањето со проекти беше искористено како инструмент со некои карактеристики кои можат да помогнат во развојот на нови иновативни производи и со тоа да им помогнат на економиите да станат економии водени од иновациите. Проектниот менаџмент со некои карактеристики го помага иновативниот развој на производите, но за некои карактеристики го ограничуваат развојот. Дадени се препораки за поддршка на активностите во Македонија за да може да се стимулира иновативноста на нови производи и услуги во наредниот период.

5. Ding, Kele and Yang, Jingzhen and Chin, Ming-Kai and Sullivan, Lindsay and Demirhan, Giyasettin and Violant-Holz, Veronica and Uvinaha, Ricardo and Dai, Jianhui and Xu, Xia and Popeska, Biljana (**et al. M. Dzidrov**) and Mladenova, Zornitza and Khan, Waheeda and Kuan, Garry and Balasekaran, Govindasamy and Smith, Gary. A (2021) *Mental Health among Adults during the COVID-19 Pandemic Lockdown: A Cross-Sectional Multi-Country Comparison.* International Journal of Environmental Research and Public Health, 18 (5). p. 2686. ISSN 1660-4601

*Апстракт*: И покрај глобалното влијание на ковид-19, студиите кои ги споредуваат ефектите врз менталното здравје на населението низ земјите се ретки. Оваа студија имаше за цел да ги спореди симптомите на анксиозност и депресија за време на заклучувањето на ковид-19 кај возрасните од 11 земји и да ја испита нивната поврзаност со факторите на ковид-19 на ниво на земја и личната изложеност на ковид-19. Беше спроведено вкрстено

истражување меѓу возрасни (≥18 години) во 11 земји (Бразил, Бугарија, Кина, Индија, Ирска, Северна Македонија, Малезија, Сингапур, Шпанија, Турција, САД).

6. Ding, Kele and Yang, Jingzhen and Chin, Ming-Kai and Sullivan, Lindsay and Durstin.J., Larry and Violant-Holz, Veronica and Demirhan, Giyasettin and Oliveira.R.C, Nara and Popeska, Biljana (**et al. M. Dzidrov**) and Kuan, Garry and Khan, Waheeda and Dai, Jianhui and Xu, Xia and Mladenova, Zornitza and Balasekaran, Govindasamy and Smith, Gary. A (2021) *Physical Activity among Adults Residing in 11 Countries during the COVID-19 Pandemic Lockdown.* International Journal of Environmental Research and Public Health, 18 (7056). pp. 1-16.

*Апстракт*: За време на пандемијата на новиот корона вирус, физичката активност беше променета ширум светот поради мерките и затворањето по дома. Оваа студија ја опиша физичката активност кај возрасните кои живеат во 11 земји за време на случување на корона вирусот и ги испита факторите поврзани со истата. Спроведено беше анонимно истражување меѓу возрасни (≥18 години) во 11 земји (Бразил, Бугарија, Кина, Индија, Ирска, Малезија, Северна Македонија, Сингапур, Шпанија, Турција, САД).

7. Dzidrov, Misko and Boev, Blazo and Zdravev, Zoran (2022) *Goce Delcev University Stip drives seamless transition to remote learning during pandemic.* In: Enlargement and Integration Workshop "Digital Transformation, Data and AI in the Western Balkans", 9-11 Dec 2021, Skopje.

*Апстракт*: Овој труд ја опфаќа успешна приказна со транзиција кон онлајн работа на Универзитет „Гоце Делчев", поради правилен развој на Универзитетот. 67% од учениците сметаат дека онлајн наставата треба да продолжи и по итните мерки за ковид-19, како додаток на редовната настава. Навременото решавање на дигитализацијата во високообразовните институции е клучно за успех на долг рок. Универзитетите треба да ги преиспитаат нивните структури за да бидат помалку бирократски и по приспособливи, флексибилни и да му овозможат на секој ученик да напредува со свое темпо.

8. Sovreski, Zlatko and Bouchner, Petr and Novotny, Stanislav and Dzidrov, Misko and Hristovska, Elizabeta (2019) *Human-Machine Interaction of Electric Vehicle.* In: ICEST 2019 54th international scientific conference on information, communication and energy systems and technologies, 27-29 June 2019, Ohrid, Macedonia.

*Апстракт:* Трудот дава преглед на предизвиците на интеракцијата возач-автомобил во современите електрични возила. Различните аспекти на интеракцијата човек-машина се разгледуваат. Анализата на методот на интеракција возач-возило преку дисплејот во возилото и неговото влијание врз користењето на режимите за еко-возење е дадена на пример на експериментални студии на терен.

9. Sovreski, Zlatko and Hristovska, Elizabeta and Jovanovska, Vangelica and Dzidrov, Misko and Sinani, Feta and Josevski, Zoran (2021) *Енергетска ревизија пројеката фотонапонске (фотоволтајне) електране.* In: Savetovanje u Kostolcu, 01.05.2021, Kostolac.

*Апстракт*: Овој предметен труд покажува како енергетската ревизија може да му послужи на инвеститорот како основа за неговите сопствени одлуки за инвестирање, бидејќи тоа е објективна и квалификувана проценка на проектот, вклучувајќи квалификувана проценка на проектот, вклучувајќи споредба на најмалку две варијанти на проектното решение.

10. Mojsoska, Natasa and Spirovski, Mire and Sovreski, Zlatko and Dzidrov, Misko and Cekerovska, Marija (2020) *3 MW biogas power plant in Porodin Vilage, Republic Of N. Macedonia.* In: Savetovanje u Kostolcu.

*Апстракт*: Употребата на биогас е зелена технологија со еколошки придобивки. Животинскиот отпад може да се користи за производство на биогас. Тие се обработуваат во анаеробни дигестори како течност или како кашеста маса измешана со вода. Овој процес може да се користи за производство на биогас, кој со друг процес може да се трансформира во електрична енергија. Тој вид електрана се нарекува електрана на биогас. Во овој труд е опишана Електраната на биогас изградена во с. Породин, Република С. Македонија, која беше пуштена во употреба во 2016 година со јачина од 3 MW.

11. Sovreski, Zlatko and Dzidrov, Misko and Hristovska, Elizabeta and Jovanovska, Vangelica and Mojsoska, Natasa and Sinani, Feta (2020) _Analysis of engine oils in modern diesel engines._ In: Savetovanje u Kostolcu.

*Апстракт*: Во овој труд ги анализираме моторните масла кај современите мотори. Неспорна е потребата од дијагностицирање на сите мотори, вклучително и дизелот, во денешно време за да се следи нивната состојба во смисла на навремено спречување и појава на несакано оштетување на моторот. Со дијагностицирање на моторните масла кај современите мотори се следат и следат нивните својства, од што зависи по контролираното работење на моторот во текот на неговиот животен век.

12. Sovreski, Zlatko and **Dzidrov, Misko** and Hristovska, Elizabeta and Jovanovska, Vangelica and Mojsoska, Natasa and Josevski, Zoran (2020) _System of care for operating fluids and fillings of machines in energy and industrial company._ In: Savetovanje u Kostolcu.

*Апстракт*: Во овој труд го презентираме системот за нега на работни течности и машини за полнење во енергетските и индустриските компании. Врз основа на долгогодишно оперативно искуство и проценка на потребите на големите енергетски и индустриски корисници, создаден е сеопфатен систем за грижа за процесни течности и машински парк на клиенти, таканаречен систем TFM.

13. Sovreski, Zlatko and Talevski, Nikolce and Josevski, Zoran and Hristovska, Elizabeta and **Dzidrov, Misko** and Sinani, Feta (2019) _Global logistic perspectives about quality of the concept for management of the communal waste in the environment._ In: Savetovanje u Kostolcu.

*Апстракт:* Примената на логистичките пристапи во управувањето со комуналниот отпад во Република Македонија се заснова на различни еколошки, економски и одржливи процедури кои одат во прилог за остварување на единствената цел - „квалитет“. Во овој труд се претставени неколку логистички пристапи за зголемување на квалитетот во управувањето со комуналниот отпад. Врз основа на реални податоци и еден современ пристап се претставени квалитативните промени во оваа област.

***Кандидатот е член на***:

- ***Уредувачкиот одбор на списанието*** „International journal of management science and business administration“, ISSN 1849-5419 (print), ISSN 1849-5664 (online)
- ***Меѓународен програмски комитет на Меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, организирана од Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД.***

***Кандидатот е член и на:***

- Меѓународни експерти - Tempus Public Foundation (од 2014);
- Надворешен евалуатор за Еразмус + проекти во високото образование во Србија (2017-2020) External evaluators for the Erasmus+ project proposals in Serbia Foundation Tempus pool of experts of projects in the field of HE, Foundation Tempus (2017 – 2020).

За време на изборниот период, проф. д-р Мишко Џидров е дел и од:

- Експерт член на IEP (Институционална програма за евалуација) која, е воспоставена во рамките на Европската универзитетска асоцијација (EUA);
- Надворешна евалуација на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, од European University Association (EUA-IEP), и тоа во два наврати, 2014 и 2017 година, како главно лице за контакт;
- Дел од Комисијата за самоевалуација на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,
- Дел од Комисијата за ISO ре-сертификација си стандарди за квалитет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Дел од комисии за упис на студенти на прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот.

**Студиски престои во странство**

***Во периодот од 2017-2022 година, кандидатот д-р Мишко Џидров остварува неколку успешни научноистражувачки студиски престои во странство во реномирани универзитети, каде што има одржано предавања***:

- ***Универзитет во Марибор, Словенија, Машински факултет,*** 12 – 17.5.2019 година. При студискиот престој беа остварени средби со професорите од Машинскиот факултет и беше одржано предавање за предметите: Проектен менаџмент, Индустриски менаџмент и Развој на нов производ. За секоја од нив беше дефинирана конкретна тема и ***беше споделена со студентите. Беше остварен средба и со тимот за обезбедување на квалитет на факултетот и на ниво на Универзитет***.
- ***Универзитетот Universita› Degli Studi Di Napoli ‹L›orientale›, Италија, 16 – 20.5.20*22 *година. При студискиот престој беа остварени средби со професори и одговорни лица за интернационални соработки. Како претставник од УГД беше отворена и завршната конференција од меѓународниот проект Жан Моне „Системи на политики за миграции и азил*“, *предводен од Универзитетот во Неапол „Ориентале“, во рамките на кој учествува Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.***

*Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност*

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Мишко Џидров посветен истражувач со видливи резултати во кариерата. Џидров учествувал и бил предавач и обучувач на неколку меѓународни научни конференции, научни собири, обуки и семинари, во земјава и во странство, каде што остварил забележителни успеси и стекнал со соодветни сертификати, дипломи и уверенија. Автор е на над 40-тина научни и стручни трудови, монографија, учебници и учебни помагала од областа во која се бира. Џидров учествувал во неколку научноистражувачки проект и Еразмус+ проекти.

Во рамки на наставно-педагошката дејност, проф. Џидров предавал повеќе предмети од прв, втор и трет циклус на студии. Бил ментор на дипломски и учествувал во комисиите при одбрана на магистерски и докторски трудови од УГД и УКИМ. Неговата посветеност во извршувањето на наставно-образовната и педагошка дејност претставува пример за неговите соработници и студентите.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Д-р Мишко Џидров зема активно учество во планирањето, утврдувањето и развојот на високообразовната дејност на Машински факултет и Универзитет „Гоце Делчев“. Учествувал на неколку научноистражувачки и апликативни проекти, како и на голем број меѓународни научни конференции и собири.

Како дел од проектот ES-BALK: „Tourism, culture and teaching of FLE in the Balkans, придонесува за зближување на балканските земји и Франција преку развој на е-материјали и е-курсеви за студентите. Како дел од проектот „Different approaches, one common goal, Cooperation Partnership in the field of Higher Education“, придонесува за развој на екстра курикуларни вештини кај студентите од многу актиелна тема. Во проектот Жан Моне „The circular economy: the number one priority for the European Green Deal“ придонесува за споделување на искуства и циркуларната економија со колеги од цела Европа преку учество во конференции. Во KA204 Еразмус+ проектот „Agile leadership transformation for business in circular economy” развива ниви методологии преку иновативни пристапи и ги тестира истите преку обуки за студенти и невработени. Преку националниот проект „Teaching and learning in the 21st century, creating innovative schools: preparing students for the 21st century” помага да се развијат искуства кај професорите од средните училишта во Македонија. А преку проектот EuropeAid MK-2010-EOT-2804616920, „RISE! - Roma Inclusion through Social Entrepreneurship“ помага да се развијат вештини за полесна вклученост во општеството на Ромите од Македонија.

При извршување на функцијата проректор за настава во континуитет презема мерки за унапредување на квалитетот на образованието и заштита на стандардот на студентите и вработените. Стекнатото искуство како надворешен евалуатор на националните агенции за

квалитет во Турција, Романија, Косово, Словенија и како експерт во EUA-IEP го користи при работењето и при подобрувањето на процесите на Универзитетот. Како проректор е одговорен за: изработката на информатори за наставните програми; промотивни кампањи на факултетите; презентација на Универзитетот; меѓународна соработка и потпишување на договори со универзитети од странство од Кина, Романија, Холандија и Италија и различни национални институции од интерес.

Од горенаведеното може да се забележи дека кандидатот д-р Мишко Џидров покажува богата активност во повеќе сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Земајќи го предвид широкиот дијапазон на неговиот интерес и неговата активност како вонреден професор и истражувач, неспорен е впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет и придонесот во науката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена и констатира дека единствен пријавен е кандидат вонреден професор д-р Мишко Џидров.

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање, Рецензентската комисија е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа д-р Мишко Џидров има врвен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување. Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатот и потврдува дека ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Согласно со претходно изнесеното и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на да му предложи на **Наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и кандидатот д-р Мишко Џидров да го избере во звањето редовен професор за наставно-научните области метод на анализа и функционирање на претпријатието (21100) и организација на административните процеси (21106) на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Радмил Поленаковиќ, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Валентина Гечевска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Симеон Симеонов, редовен професор, член, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Избор во звање вонреден професор** | 40 |

| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | **Монографија или научна книга** | 1 | 10 | | | 10 |
| | **Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (референца** 5 и 6) | | | 2 | 5 | 10 |
| | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)** (**референца** 1, 2, 3, 4) | | | (Прв автор) 4 x 9 = 36 | | 36 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир** (референца 7-13) | | | 7 x 3 = 21 | | 21 |
| | **Учесник во научен проект (максимум во три проекти)** | 1 x 2 | 2 | 2 x 3 (од 7) | 6 | 8 |
| | **Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати)** | 1 | | | | 1 |
| | **Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал** | 1x1 | 1 | | | 1 |
| | **Студиски престој во странство** | 8 | | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **95** |

| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | **Проректор** | 15 | | | | **15** |
| | **Член на универзитетски или владини тела** | 5 | | | | **5** |
| | **Член на факултетски орган, комисија** | 2 | | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **22** |
| | | (НО) | (НИ) | (САОР) | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | 40 | 95 | 22 | **157** | |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-212/10 од 8.7.2022 година, донесена на 282. седница на Наставно-научниот совет на **Факултетот за медицински науки,** одржана на 8.7.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на **наставник во насловно звање насловен вонреден професор** за **наставно-научната област хирургија** на **Факултетот за медицински науки** при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „**Нова Македонија**” и „**Коха**” на 15.6.2022 година и во предвидениот рок се пријави н**асловен вонреден професор д-р спец.** Андреја Арсовски, вработен во Приватна здравствена установа „**Ремедика**“ **во Скопје.**

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на **Факултетот за медицински науки** да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Андреја Арсовски е роден на 20.5.1960 г. во Скопје. Основно и средно образование завршува со одличен успех.

Во 1978 година се запишува на Медицински факултет во Скопје и дипломира во 1984 година со среден успен 8,7. По дипломирањето го завршува лекарскиот стаж, а стручниот испит го положува во 1986 година. На Клиниката за торакална и васкуларна хирургија се вработува во 1988 година. Специјалистичкиот испит по општа хирургија го положува во 1993 година, а супспецијалистичкиот испит по градна хирургија во 1995 година.

Од 2002-2004 година бил директор на Клиниката за торакална и васкуларна хирургија. Во 2004 г. бил избран за заменик-министер во Владата на Република Македонија. Во исто време бил главен координатор на Проектот за управување со здравствениот сектор во соработка со Светската банка. Од јануари 2005- октомври 2006 бил генерален директор на Клиничкиот центар во Скопје. Од август 2007 г. е стручен директор на ПЗУ „Ремедика“ во Скопје.

Општи услови за избор

Проф. д-р Андреја Арсовски е доктор по медицински науки, а неговата научноистражувачка работа е главно фокусирана на торакалната хирургија

Д-р Андреја Арсовски е избран за насловен вонреден професор од обласга торакална хирургија во декември 2012 година на Факултетот за медицински науки при УГД Штип.

Д-р Андреја Арсовски е реизбран за насловен вонреден професор од обласга торакална хирургија во 2017 година на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

Активно се користи со англиски, руски и српско-хрватски јазик.

Научните трудови со кои насловен вонреден професор д-р Андреја Арсовски ги исполнува законските критериуми за ре реизбор во звање вонреден професор се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието и импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Vlatko Cvetanovski, Andreja Arsovski, Liljana Brajevikj, Aleksandar Mitevski, Marija Cvetanovska, Borislav Kondov, Zoran Dimitrov | Arterialization of great saphenous vein in situ for limb salvation: our clinical experiences | Мак.мед. преглед | 2021 |
| 2. | Vlatko Cvetanovski, Andreja Arsovski, Liljana Stojanovska, Marija Cvetanovska, Zoran Dimitrov. | Arterialisation of great saphenous vein in patient with critical limb ischemia Case report. | Journal of Lithuanian surgery, | 2018 |
| 3. | Cvetanovski Vlatko, Arsovski A, Mitevski A, Cvetanovska M, Kondov B, Dimitrov Z | Deep vein arterialisation: case report | Journal of Morphological Science | 2021 |
| 4. | Cvetanovski Vlatko, Arsovski Andreja, Brajevik j Liljana, Mitevski Aleksandar, Cvetanovska Marija, Kondov Borislav, Dimitrov Zoran | New surgical technique for treatment of superficial varicose veins | Academic medical Journal | 2022 |
| 5. | Ivic-Kolevska S, Arsovski A | Microbiological aspects of pulmonary infections with actinomyces odontoliticus-case report | Arch Pub Health | 2021 |

Посебни услови

Д-р Андреја Арсовски, уште како студент, а и како активен лекар, покажува интерес за публикување стручни трудови од својата област. До сега има објавено стручни и научни труда. Во 2005 година, заедно со проф. д-р Бисерка Ќаева ја издал книгата „Болести на плеврата“. Еден е од авторите на „Фармакотерапискиот прирачник“, издаден во 2006 година, како и на првите пет тома на „Упатства за практикување медицина базирана на докази“ од 2006 година.

Од 2013 година е член на Уредувачкиот одбор на *Lithuanian Surgery*.

Од 2016 година е заменик на главниот и одговорен уредник на *Македонски медицински преглед*.

Повеќе пати бил рецензент на стручно-научни трудови.

Многу пати бил гостин на разни едукативни телевизиски и радио емисии од областа на медицината, како и чест гостин на разни трибини со цел за здравствена едукација на нашата популација. Автор е на бројни медицински едукативни текстови во повеќе весници и списанија.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Д-р Андреја Арсовски бил избран за помлад асистент по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет при УКИМ во 1990 година, за редовен асистент во 1994 година, за доцент во 2001 година, а за вонреден професор професор во 2006 година. Бил член на Научниот одбор на Медицинскиот факултет во Скопје. Како асистент и наставник активно и успешно ја изведува практичната и теоретската настава, покажувајки квалитет во наставата, а исто така и интерес за нејзино континуирано подобрување и унапредување. Своите знаења од хирургијата ги пренесува и на колегите специјализанти. Бил ментор на

повеќе специјализанти по хирургија. Бил ментор на повеќе колеги на дипломски работи. Се стекнува и со солидно наставно искуство и како хонорарен наставник по предметот Хирургија во Медицинскиот училишен центар „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје. Во учебната 2011/2012 предавал Хирургија на стоматолози на Европскиот универзитет во Скопје. На Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип хонорарно предава од 2011 година. Бил член на повеќе рецензентски комисии за избор на асистенти и наставници на униоверзитетите во Скопје и во Штип. Бил член на повеќе комисии за одбрана на магистерски и докторски дисертации. Рецензент е на книгата „Болести на вените“.

Докторската дисертација на тема „Евалуација на белодробната функција при примена на различни оперативни методи во лекувањето на белодробната ехинококоза“ ја одбранил во март 2000 г.

Досега кандидатот има рецензирано 124 труда како автор и коавтор и тоа во билтените на Униоверзитет „Св. Кирил и Методи“ј во Скопје, бр. 546/90, 612/94, 692/97, 780/01, 840/03, 848/03 и 894/06 и во Билтен на Униврезитет „Гоце Делчев“ во Штип во 2012 година. Трудовите од 101 до 123 се рецензирани во Билтен бр. 201/2017.

**1.Имунолошки поремећаји при плућним обољењима**

Арсовски А., Гавриловски М.

Зборник радова 24. конгреса студента медицине и стоматологије Југославије, 47, 1982, Доњи Милановац

2. Некои показатели на хуморалниот имунитет кај примарниот белодробен карцином

Арсовски А., Котевски В., Гавриловски М.

Зборник сажетака 25. Конгреса студента медицине и стоматологије Југославије, 81, 1983, Плитвичка Језера.

3.Електрокардиографски промени при хронична респираторна инсуфициенција

Котевски В., Арсовски А., Глигоровски Лј.

Зборник сажетака 25. Конгреса студента медицине и стоматологије Југославије, 82, 1983, Плитвичка Језера

4. Клинички и хемодинамички аспекти на аортната валвуларна инсуфициенција

Арсовски А., Сајков З., Жантева М.

Зборник сажетака 26. Конгреса студента медицине и стоматологије Југославије, 107-108, 1984, Цриквеница

5. Хирургија малигнома дојке

Чоланчески В., Чапароски Р., Крцкоски Т., Андреевска Т., Спировски З., Кондов Г., Караѓозов М., Арсовски А.

Книга абстракта 17. конгрес хирурга Југославије, 353, 1989, Сарајево

6. Хируршки поступак код плућног ехинококуса

Чоланчески В., Чапароски Р., Крцкоски Т., Андреевска Т., Трајковска Т., Спировски З., Кондов Г., Караѓозов М., Арсовски А.

Книга абстракта 17. конгрес хирурга Југославије, 456, 1989, Сарајево

7. Хирурчки третман на белодробен канцер

Чоланчески В., Чапароски Р., Андреевска Т., Спировски З., Арсовски А. Поповска Лј.

Зборник на апстракти од 9. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 142, 1989, Охрид

8. Хируршки третман на белодробната туберкулоза

Чоланчески В., Крцкоски Т., Кондов Г., Арсовски А., Поповска Љ.

Зборник на абстракти од 9. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 183, 1989, Охрид

Трудовите 1-8 се рецензирани во Билтен бр.546 од 30.10.1990 на УКИМ

9. Рани постоперативни резултати по примена на ресекциони методи при бронхоген карцином

З.Спировски, В. Чоланчески, Т. Траиковска, Г.Кондов, А.Арсовски, Т.Стефановски, С.Јовев

Зборник на абстракти од 10. Пулмоалерголошки научно стручен состанок, 88, 1991, Охрид

10. Индикации за торакотомија при спонтан пнеумоторакс

Кондов Г., Чоланчески В., Трајковска Т., Спировски З., Арсовски А.
Зборник на абстракти од 10. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 131, 1991, Охрид
11. Хируршки третман на лобарен емфизем кај дете
Чоланчески В., Трајковска Т., Спировски З., Кондов Г., Арсовски А., Антевски Б.
Зборник на абстракти од 10. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 132, 1991, Охрид
12. Пневмонектомија при хипоплазија на десна пулмонална артерија
Чоланчески В., Арсовски А., Спировски З., Кондов Г., Брашнарова Д.
Зборник на абстракти од 10. Пулмоалерголошки научно-стручен состанок, 133, 1991, Охрид
13. Резултати од операции на отворено срце при кардиоваскуларната клиника Скопје
ВЗШ и Современи дијагностички методи во гинекологијата и акушерството за акушерки – ВЗШ. Координатор е на менторите и ментор на специјалистичките студии по гинекологија и акушерство. Учествува во докторските студии како предавач и ментор на тројца кандидати.

Научноистражувачка активност

Проф. д-р Глигор Димитров има објавено 70-тина стручни и научни трудови од поширокиот област на гинекологијата, а на стручни состаноци, конгреси и симпозиуми во земјава и во странство кандидатот учествува со голем број презентации.

Во прилог се насловите на трудовите на проф. д-р Глигор Димитров од 1990 година до денес. Во табелата ќе бидат вреднувани само трудовите на проф. д-р Глигор Димитров што се публикувани во последните пет години.

1. ТОК И ИСХОД ПРЕТЕРМИНСКИХ ПОРОЂАЈА КОМПЛИЦИРАНИМ ДРУГИМ АНТЕПАРТАЛНИМ ФАКТОРИМА РИЗИКА. Н. Баџаков, Г. Адамова, В. Димитров, Ј. Бабушку, М. Стојовски, Г.Димитров. Зборник радова 5 гинеколошко-перинаталних дана БИХ, Бања Лука, 5, 219-21, 1990. 2. РАНА НЕОНАТАЛНА СМРТНОСТ КОД ПРЕТЕРМИНСКИ РОЂЕНЕ ДЕЦЕ. Г. Адамова, Ј. Враготеров, Ј. Бабушку, Г.Димитров. Зборник радова 5 гинеколошкоперинаталних дана БИХ, Бања Лука, 5, 372-77, 1990. 3. МЕСТО СУБПАРТАЛНЕ ТОКОЛИЗЕ У ПРЕВЕНИРАЊУ И РЕДУЦИРАЊУ ИНТРАПАРТАЛНЕ АЦИДОЗЕ ФЕТУСА. Н. Баџаков, Г. Адамова, В. Димитров, Ј. Бабушку, И. Бидиков, М. Стојовски, Г.Димитров. Зборник радова 3. Југословенског конгреса перинаталне медицине, Љубљана, 3, 539-42, 1990
2. РАНА НЕОНАТАЛНА СМРТНОСТ КОД ПРЕТЕРМИНСКИ РОЂЕНЕ ДЕЦЕ. Г. Адамова, Ј. Враготеров, Ј. Бабушку, Г.Димитров. Зборник радова 5 гинеколошкоперинаталних дана БИХ, Бања Лука, 5, 372-77, 1990. 3. МЕСТО СУБПАРТАЛНЕ ТОКОЛИЗЕ У ПРЕВЕНИРАЊУ И РЕДУЦИРАЊУ ИНТРАПАРТАЛНЕ АЦИДОЗЕ ФЕТУСА. Н. Баџаков, Г. Адамова, В. Димитров, Ј. Бабушку, И. Бидиков, М. Стојовски, Г.Димитров. Зборник радова 3. Југословенског конгреса перинаталне медицине, Љубљана, 3, 539-42, 1990.
3. МЕСТО СУБПАРТАЛНЕ ТОКОЛИЗЕ У ПРЕВЕНИРАЊУ И РЕДУЦИРАЊУ ИНТРАПАРТАЛНЕ АЦИДОЗЕ ФЕТУСА. Н. Баџаков, Г. Адамова, В. Димитров, Ј. Бабушку, И. Бидиков, М. Стојовски, Г.Димитров. Зборник радова 3. Југословенског конгреса перинаталне медицине, Љубљана, 3, 539-42, 1990.
4. ВАКУУМ ЕКСТРАКТОРА И ФОРЦЕПСА У АКТИВНОМ ВОЂЕЊУ ДРУГОГ ПОРОЂАЈНОГ ДОБА У ЦИЉУ ПРЕВЕНЦИЈЕ РАНОГ ПЕРИНАТАЛНОГ МОРБИДИТЕТА И МОРТАЛИТЕТА. Г. Адамова, Ј. Бабушку, Н. Баџаков, М. Стојовски, Г.Димитров. Зборник радова 3. Југословенског конгреса перинаталне медицине, Љубљана, 3, 552-55, 1990.
5. ИНТРАПАРТАЛЕН КТГ ЗАПИС, АПГАР И АЦИДОЗЕН СКОР ПРИ ПОРОДУВАЊЕ КАЈ ЕПХ ГЕСТОЗИ. Г. Димитров, Г. Адамова, К Станкова, М. Стојовски, Зборник на трудови на 8. гинеколошко-акушерски денови, Охрид, 8, 54-55, 1991.
6. НАШИ ИСКУСТВА СО ДИЈАГНОСТИЧКАТА КОНИЗАЦИЈА КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО ИНТРАЕПИТЕЛИЈАЛНА ЦЕРВИКАЛНА НЕОПЛАЗИЈА (ЦИН). Ј. Јуруковски, Р. Бошковски, М. Тимцева, Г. Мирковска, Г. Димитров, Зборник на трудови на 8. гинеколошко-акушерски денови, Охрид, 8, 111-12, 1991.
7. НЕКОИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ИНВАЗИВНИТЕ МАЛИГНИТУМОРИ НА ПЛОДНИЦАТА. Б. Давчева, Г. Димитров, Г. Антов. Зборник на трудови на 8. гинеколошко-акушерски денови, Охрид, 8, 114-15, 1991.

8. НАШИ ИСКУСТВА СО ПРИМЕНА НА NJERTHEIM-MEIGS ОПЕРАЦИЈАТА ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА ИНВАЗИВНИОТ КАРЦИНОМ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА. Јуруковски, Ј. Наумов, Б. Давчева, М. Тимчева, Г. Димитров, Зборник на трудови на 8. гинеколошко-акушерски денови, Охрид, 8, 120-23, 1991.
9. НАШИ ИСКУСТВА ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА ОВАРИЈАЛНИОТ КАРЦИНОМ. Ј. Наумов, Г. Димитров, Г. Антов, С. Дракулевски. Зборник на трудови на 8. гинеколошко-акушерски денови, Охрид, 8, 154-55, 1991.
10. ОПСТЕТРИЧКАТА ХЕМОРАГИЈА КАКО ПРИЧИНА ЗА МАЈЧИН МОРТАЛИТЕТ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ДЕСЕТ ГОДИНИ (КЛИНИЧКИ МАТЕРИЈАЛ). В. Божиновска, К. Демерџиев, Го. Димитров, Гл. Димитров. Зборник на апстракти на 1. конгрес на анестезиолозите на Македонија, Охрид, 1, 34, 1995.
11. ARTIFACTS AND ERRORS IN ULTRASOUND MEASUREMENTS. D. Filipce, Gl. Dimitrov, Advanced Ultrasound – Balkanska ohridska skola za ultrazvuk, Skopje - Ohrid, 2, 41-43, 1996.
12. MATERNAL AND PERINATAL OUTCOME IN PATIENTS WITH SEVERE PRE-ECLAMPSIA AND ECLAMPSIA. V. Jovkovski, V. Dimitrov, Gl. Dimitrov. Zbornik na apstrakti na III svetski kongres na perinatalna medicina, San Francisko, 3, 243, 1996.
13. THE SIGNIFICANCE OF TUMOUR MARKERS CA – 125, CA – 72-4, AND CEA IN PREOPERATIVE DIAGNOSIS IN PATIENTS WITH ADNEXAL MASS. M. Stojovski, Gl. Dimitrov, J. Georgievska, P. Stojovska Zbornik na apstrakti, 14. Internacionalna konferencija za humani tumor markeri, Erusalim, 1997.
14. ИНТРАУТЕРИНА РЕТАРДАЦИЈА НА ПЛОДОТ КАЈ ТЕШКИТЕ ФОРМИ НА ДОЦНИТЕ ГЕСТОЗИ. В. Јовковски, Гл. Димитров. Зборник на апстракти, 1. Македонско-југословенски гинеколошко акушерски денови, 1, 83-84, Маврово, 1996.
15. ИНТРАВЕНСКА ТОКОЛИЗА КАЈ НАПРЕДНАТО ПРЕДВРЕМЕНО ПОРОДУВАЊЕ Гл. Димитров, В. Јовковски, Го. Димитров. Мак. мед. преглед, 1-2, 7-9, 1998.
16. ПРОТОЧНА ХИСТЕРОСКОПИЈА - СОВРЕМЕНИ ИНДИКАЦИИ, КОНТРА ИНДИКАЦИИ И ИЗБОР НА ДИСТЕНДИРАЧКИ МЕДИУМ. Г. Димитров.Мак. мед. преглед, 3-4, 105-07, 1998.
17. ЛАПАРОСКОПСКИ АСПЕКТИ НА ДИЈАГНОСТИКАТА И ТЕРАПИЈАТА НА НЕПЛОДНОСТА. Гл. Димитров, Ј. Тофоски, З. Тодоров, И. Крстевска Мак. мед. преглед, 5-6, 163-66, 1998.
18. ХИСТЕРОСКОПСКИ НАОДИ КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО СУБНОРМАЛЕН ХИСТЕРОСАЛПИНГОГРАМ (НАШИ ИСКУСТВА). Ј. Тофоски, Гл. Димитров, З. Тодоров, И. Крстевска. Зборник на апстракти, 1. конгрес на гинекoлозите и опстетричарите од Република Македонија, 1, 78, Скопје, 1998.
19. МОРФОЛОШКА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПЛОДНИЦАТА КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО ХАБИТУАЛНИ ПОМЕТНУВАЊА И ПРЕДВРЕМЕНИ ПОРОДУВАЊА, Гл.Димитров, Ј. Тофоски, З. Тодоров, И. Крстевска. Зборник на апстракти, 1. конгрес на гинеколозите и опстетричарите од Република Македонија, 1, 79, Скопје, 1998.
20. ЗАБРЗАНА ПУЛМОНАЛНА МАТУРАЦИЈА КАЈ НАПРЕДНАТО ПРЕДВРЕМЕНО ПОРОДУВАЊЕ. Гл. Димитров, В. Јовковски, Го. Димитров. Зборник на апстракти, 1. конгрес на гинеколозите и опстетричарите од Република Македонија, 1, 106, Скопје, 1998.
21. СЛУЧАЈ НА ТРАНСТУБАРНА МИГРАЦИЈА НА ИНТРАУТЕРИНА КОНТРАЦЕПТИВНА ВЛОШКА. И.Самарџиски, В. Илиев, Гл. Димитров, В. Антовска, И. Тодоровска, Н. Баџаков, Е. Матевска, М. Поповиќ, Н. Панчевски. Зборник на апстракти, 1. конгрес на гинеколозите и опстетричарите од Република Македонија, 1, 185, Скопје, 1998.
22. HYSTEROSCOPIC FINDINGS IN PATIENTS WITH INFERTILITY.Gl. Dimitrov, J. Tofoski, J. Georgievska, Z. Todorov, S. Sapunov, E. Matevska. Зборник на апстракти,9. Национален конгрес по акусерство и гинекологија (со меѓународно учество), 9, 85, Варна, 2001.

23. LAPAROSCOPIC TREATMENT OF BILATERAL NON-OCLUSIVE DISTAL TUBAL DISEASE, Gl. Dimitrov, J. Tofoski, Z. Todorov, J. Georgievska, E. Matevska. Зборник на апстракти, 9 Национален конгрес по акушерство и гинекологија (со меѓународно уцество), 9, 85-6, Варна, 2001.
24. ДИЈАГНОСТИЧКА И ОПЕРАТИВНА ПРОТОЧНА ХИСТЕРОСКОПИЈА СОВРЕМЕНИ ИНДИКАЦИИ, КОНТРАИНДИКАЦИИ И НАШИ ИСКУСТВА, Гл. Димитров, Ј. Наумов, З. Тодоров, Г. Тофоски. Зборник на стручни активности, Медицина 2002 - Скопски саем,1, 100-02, Скопје, 2002.
25. ГИНЕКОЛОШКА ОПЕРАТИВНА ЛАПАРОСКОПИЈА - ПЕТ ГОДИНИ ИСКУСТВО Гл. Димитров, Ј. Наумов, Ј. Тофоски, З. Тодоров, И. Алулоски. Зборник на стручни активности, Медицина 2002 - Скопски саем,1, 103-05, Скопје, 2002.
26. LEIDIG-CELL ТУМОР: ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. Гл. Димитров, Т. Миленковиќ, Ј. Тофоски. Зборник на апстракти, 1. Македонски конгрес по ендокринологија и метаболни нарушувања - со меѓународно учество, 1, 108, Охрид, 2000.
27. ПОСТОПЕРАТИВНА АНАЛГЕЗИЈА СО ЕПИДУРАЛЕН МОРФИУМ ИЛИ СУФЕНТАНИЛ НАСПРОТИ ИНТРАМУСКУЛЕН МОРФИУМ. А. Сивевски, Л. Грбевска, Г.Димитров, К. Станкова. Прилози, Одд. биол. мед. науки, МАНУ, XX,1,115-32, 2000.
28. OBSTETRIC OUTCOME AFTER HISTEROSCOPIC METROPLASTY IN PATIENTS WITH RECURRENT PREGNANCY LOSS. Gl. Dimitrov, J. Tofoski, Go. Dimitrov, G.Tofoski, I. Aluloski. Zbornik na apstrakti, World Congress on Gynecological Endoscopy, 1, 37, Dubrovnik, 2002.
29. ADENOCARCINOMA ENDOMETRII КАЈ 26-ГОДИШНА ЖЕНА - приказ на случај. М. Капетаноска, Н. Башеска, Гл. Димитров, Е. Матевска. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 79-80, Охрид 2003.
30. ГИНЕКОЛОШКА ЛАПАРОСКОПИЈА КАЈ ПРЕТХОДНО ЛАПАРОТОМИРАНИ ПАЦИЕНТКИ. Е. Николовска, Гл.Димитров, Ј. Тофоски, Е. Матевска Атанасовска, Ј. Георгиевска, Г. Тофоски. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 93, Охрид 2003.
31. ЛАПАРОСКОПСКА МИОМЕКТОМИЈА – НАШИ ИСКУСТВА. Гл. Димитров, Г. Тофоски, Ј. Георгиевска, Е. Матевска. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 93-94, Охрид 2003.
32. ОПЕРАТИВЕН ХИСТЕРОСКОПСКИ ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТКИ СО НЕПЛОДНОСТ И РЕКУРЕНТНА ФЕТАЛНА ЗАГУБА. Ј. Георгиевска, Гл.Димитров,Г. Тофоски, З. Тодоров. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 94, Охрид 2003.
33. ДИЈАГНОЗА И ЛАПАРОСКОПСКИ ТЕРАПЕВТСКИ МОДАЛИТЕТИ НА ЕКСТЕРНАТА ЕНДОМЕТРИОЗА – НАШИ ИСКУСТВА. Ј. Георгиевска, Ј. Тофоски,Гл. Димитров, Г. Тофоски, И. Алулоски, В. Трајковски . Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и опстетричари 1, на Р. Македонија 94-95, Охрид, 2003.
34. МОРФОЛОШКА СТРУКТУРА И ЛАПАРОСКОПСКИ ТРЕТМАН КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО НЕПЛОДНОСТ ПОРАДИ ДИСТАЛНА ТУБАРНА БОЛЕСТ. Г. Тофоски, Гл. Димитров, И. Алулоски, Е. Николовска, Е. Матевска, Ј. Георгиевска. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетрицари од Република Македонија, 1, 95-96, Охрид, 2003.
35. ЕВАЛУАЦИЈА НА УТЕРИНИОТ КАВУМ И ПРООДНОСТА НА ТУБИТЕ СО УЛТРАЗВУК. З. Петановски, Гл. Димитров, Ј. Иванов, А. Сопова, Н. Петановска, М. Калајџиева-Зип. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 96, Охрид, 2003.
36. ХИСТЕРОСКОПСКА МЕТРОПЛАСТИКА (ХМ) КАКО ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТКИ СО НЕПЛОДНОСТ И РЕКУРЕНТНА ФЕТАЛНА ЗАГУБА. Г. Тофоски, Гл. Димитров, Е. Николовска, З. Тодоров, Ј. Георгиевска, Е. Матевска. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република

Македонија, 1, 96-97, Охрид, 2003.
37. КОРЕЛАТИВНА АНАЛИЗА МЕЃУ ХИСТЕРОСКОПСКИТЕ И ХИСТОЛОШКИТЕ НАОДИ КАЈ ПАЦИЕНТКИ СО ЕНДОМЕТРИЈАЛЕН ПОЛИП. Ј. Георгиевска, Гл. Димитров, Е. Николовска, Е. Матевска, З. Тодоров, Г. Тофоски. Зборник на абстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 98-99, Охрид, 2003.
38. ЛАПАРОСКОПСКИ НАОДИ КАЈ ПАЦИЕНТКИ С О ХИСТЕРОСАЛПИНГОГРАФСКА ДИЈАГНОЗА НА ПЕРИСАЛПИНГЕАЛНИ АТХЕЗИИ. Е. Матевска-Атанасовска, Ј. Тофоски, Гл. Димитров, З. Тодоров, Е. Николовска, Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 99, Охрид, 2003.
39. КОРЕЛАЦИЈА МЕЃУ УЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОЗА, ХИСТЕРОСКОПСКА РЕСЕКЦИЈА И ХИСТОПАТОЛОШКА АНАЛИЗА НА ЕНДОМЕТРИЈАЛЕН ПОЛИП. Е. Матевска-Атанасовска, Ј. Тофоски, Гл. Димитров, З. Тодоров, Ј. Георгиевска, Е. Николовска, Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 99-100, Охрид, 2003.
40. ЛАПАРОСКОПСКИ ОПЕРАЦИИ НА ГАК-СКОПЈЕ – ИСКУСТВА НА ШЕСТГОДИШЕН МАТЕРИЈАЛ. Гл.Димитров, Ј. Тофоски, З. Тодоров, И. Алулоски, В. Трајковски. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 100-01, Охрид, 2003.
41. КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ОПЕРАТИВНА ЛАПАРОСКОПИЈА. И. Алулоски, Гл.Димитров, Г. Тофоски, Е. Николовска. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетрицари од Република Македонија, 1, 101-02, Охрид, 2003.
42. УЛТРАЗВУЧНИ МАРКЕРИ ВО ПРОЦЕНКА НА МОРФОЛОГИЈАТА И МАЛИГНИТЕТОТ КАЈ ОВАРИЈАЛНИТЕ ТУМОРИ. З. Петановски, Гл. Димитров, Ј. Иванов, А. Шопова, М. Бакалов, М. Ивановски, М. Трајанова, Н. Петановска, М. Капушевски, М. Калајџиева-Зип. Зборник на апстракти, II конгрес на гинеколози и обстетричари од Република Македонија, 1, 115-16, Охрид, 2003.
43. ЕНДОСКОПИЈА И АРТ – ОПТИМИЗИРАНјЕ НА ИСХОДОТ. Гл.Димитров. Зборник на апстракти, I Охридски состанок на гинеколози и перинатолози 1, 11-12, Охрид, 2005.
44. НАШИ ИСКУСТВА ВО ЛАПАРОСКОПСКИОТ ТРЕТМАН НА ЕКТОПИЧНАТА БРЕМЕНОСТ. Георгиевска Ј, Димитров Г, Сапунов С, Стефанија А, Цековска С, Василевска К. Phzsioacta, Вол.3 Но.2,77-86, 2009.
45. ХИСТЕРОСКОПСКАТА МЕТРОПЛАСТИКА – БЕЗБЕДЕН МЕТОД ЗА ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА КОНГЕНИТАЛНИТЕ УТЕРИНИ МАЛФОРМАЦИИ. Тофоски Г, Димитров Г, Георгиевска Ј, Алулоски И, Тантуровски М, Трајковски В. Македонски медицински преглед, (64)3,45-50, 2010.
46. IMPACT OF BODY MASS INDEX (BMI) AND AGE ON THE OUTCOME OF IVF PROCESS. Petanovski Z, Dimitrov G, Ajdin B, Haxi-Lega M, Sotiroska V, Matevski V, Stojkovska S, Saltirovski S, Suslevski D, Petanovska E. Prilozi.;32(1):155-71, 2011.
47. RECOMBINANT FSH VERSUS HP-HMG FOR CONTROLLED OVARIAN STIMULATION IN INTRACITOPLASMATIC SPERM INJECTION CYCLES. Petanovski Z, Dimitrov G, Ajdin B, Haxi-Lega M, Sotiroska V, Suslevski D, Saltirovski S, Matevski V, Stojkovska S, Lazarova A, Petanovska E, Balkanov T. Med Arh. 65(3):153-6, 2011.
48. ВОЗРАСТА НА ЖЕНАТА КАКО МАРКЕР ВО УСПЕХОТ НА ИН-ВИТРО ФЕРТИЛИЗАЦИЈАТА КАЈ НОРМОГОНАДОТРОПНИ СОСТОЈБИ. Петановски, З., Хаџи-Лега, М., Стојановска, В., Шушлески, Д. (2009): Medicus, 7, 2, 103-111, 2009.
49. MICRODISSECTION - SPERM RETRIEVAL – TESE OPTIMAL APPROACH FOR PATIENTS WITH NON-OBSTRUCTIVE AZOOSPERMIA. Kuzmanoski M, Dimitrov G, Haxi-Lega M, Stojkovska S, Sotirovska V, Aidin B, Suslevski D, Matevski V, PetanovskiZ. European Urology Supplements, Volume 10, Issue 9, 2011.
50. SERUM ESTRADIOL ON THE DAY OF hCG ADMINISTRATION AS PREDICTOR FACTOR OF IVF ACCORDING TO PATIENT AGE. Veljanovska L., Sotiroska V., Aydin B., Suslevski D, Saltirovski S., Matevski V., Petanovski Z., Dimitrov G., Hadzi-Lega M.,

Stojkovska S. 19th BCLF, Bucarest, 2011.

51. MICRODISSECTION - TESE - OPTIMAL APPROACH FOR PATIENTS WITH NON-OBSTRUCTIVE AZOOSPERMIA. Kuzmanoski M, Dimitrov G, Hadzi-Lega M, Stojkovska S, Sotiroska V, Aidin B, Saltirovski S, Suslevski D, Matevski V, Petanovski Z. EAU 7th South Eastern European Meeting in Skopje, October 14-15, 2011.

Постери и презентации презентирани на конгреси ***и*** симпозиуми

52. Споредба на клиничкиот стадиум и морфолошкиот стадиум кај оперирани пациентки со инавазивен карцином на ПВУ, Бабушку Јорго, Димитров Глигор, Василевски Коста, Јовановски Зоран, Стомнаровска Афродита, Белевска Јана, 3. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, Охрид, 2013, Книга со предавања и апстракти ОГ 18.
53. Колпоскопски наоди според колпоскопска класификација ИФЦПЦ 2011, Бабушку Ј, Димитров Глигор, Василевски Коста, Јовановски Зоран, Котларова Симонида, Белевска Јана, 3. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, Охрид, 2013 Книга со предавања и апстракти ОГ22.
54. Инциденца на високоризични ХПВ вируси кај пациентки третирани со ексцизиона терапија на грлото на матката во ПОБ Ремедика во периодот 2011-2012 година, Бабушку Јорго, Димитров Глигор, Василевски Коста, Котларова Симонида, Стомнаровска Афродита, Белевска Јана, 3. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, Охрид, 2013, Книга со предавања и апстракти ОГ25.
55. Инциденца на ХПВ вирус за период од една година кај пациентки во ПОБ Ремедика, Бабушку Јорго, Димитров Глигор, Василевски Коста, Котларова Симонида, Стомнаровска Афродита, Белевска Јана, 3. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, Охрид, 2013, Книга со предавања и апстракти ОГ26.
56. Does ovarian endometriosis have an impact on perinatal outcomes in IVF-pregnancies: to operate before IVF or not? Sterjovska-Aleksovska A, Dimitrov Gl, Zisovska E, Daneva-Markova A, Kiporoska G, 3. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, Охрид, 2013, Книга со предавања и апстракти ХР 1.
57. Фертилни пореметувања кај пациентки со неплодност и ендометриоза, Василева И, Димитров Гл, Штерјовска-Алексовска А, Величкова Н, Панова Г, 3. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, Охрид, 2013, Книга со предавања и апстракти ХР 2.
58. OBSTETRICS OUTCOMES OF LAPAROSCOPIC CERVICAL-ISTHMIC CERCLAGE: OUR EXPERIENCE, Latifi Isaki Rina, Petanovski Zoranco, Sotiroska Valentina, Stojkovska Snezana, Dimitrov Gligor Private general hospital Remedika, Skopje, Macedonia, 4. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, Охрид, 2017, Книга со предавања и апстракти, Т 5 -10.
59. INFLUENCE OF SMOKING IN WOMEN ON FERTILIZATION PARAMETERS AND IVF OUTCOMES, Sterjovska-Aleksovska Andrijana, Dimitrov Gligor, Sotiroska Valentina, Petanovska-Kostova Emilija, Petanovski Zoranco, 4. Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, Охрид, 2017, Книга со предавања и апстракти, Т 6 -20.

Трудови приложени за овој избор (објавени во периодот од 2017-2022год)

- INFLUENCE OF SMOKING IN WOMEN ON FERTILIZATION PARAMETERS AND IVF OUTCOMES Sterjoska-Aleksovska Andrijana, Dimitrov Gligor, Sotiroska Valentina, Petanovska- Kostova Emilija, Petanovski Zoranco, 4th Congress of obstetricians and Gynecologists,Book of Abstracts, T6-20, Ohrid 2017
- OBSTETRIC OUTCOMES OF LAPAROSCOPIC CERVICAL- ISTHMIC CERCLAGE: OUR EXPERIENCE Latifi Isaki Rina, Petanovski Zoranco, Sotiroska Valentina, Stojkovska Snezana, Dimitrov Gligor 4th Congress of obstetricians and Gynecologists,Book of Abstracts, T5-10, Ohrid 2017
- TEHNOLOGIES OF ASSISTED REPRODUCTION: PRESENCE AND FUTURE Dimitrov Gligor, 4th Congress of obstetricians and Gynecologists,Book of Abstracts, T6-01, Ohrid 2017

- REACTIVE STROMA IN PROSTATIC CARCINOMA AND CORRELATION WITH TUMOR GRADE AND TUMOR STAGE FilipovskiV, Kubelka Sabit K, Jasar D, Dimitrov Gl, Janevska V Mac Med Review 2017; 71 (2):123-127
- A NOVEL METHOD OF TREATING OVARIAN INFERTILITY: IS PLATELET –RICH PLASMA A NEW PROMISING THERAPY IN THE FUTURE Stojkovska S. Dimitrov G et al Mac Med Review 2019; 73 (2):101-106
- AUTOLOGOUS PLATELET RICH PLASMA INTRACORTICAL OVARIAN INJECTION RESTORED OVARIAN FUNCTION AND FOLLICULOGENESIS IN POOR RESPONDERS AFTER ONE MONTH : A CONTROL PILOT STUDY, Stojkovska S. Dimitrov G et al Medicus 2020, Vol.25 (1) 7-11
- THE IMPACT OF LAPAROSCOPIC TREATED ENDOMETRIOMA ON THE LIVE BIRTH RATE IN IVF/ICSI CYCLES COMPARED WITH UNEXPLAINED INFERTILITY:A PROSPECTIVE RANDOMIZED STUDY Stojkovska S. Dimitrov G et al Open access Maced J med Sci 2020; 8(B), 160-165
- LIVE BIRTH RATES IN POOR RESPONDERS GROUP AFTER PREVIOUS TREATMENT WITH AUTOLOGOUS PLATELET-RICH PLASMA AND LOW DOSE OVARIAN STIMULATION COMPARED WITH POOR RESPONDERS USED ONLY LOW DOSE OVARIAN STIMULATION BEFORE IN VITRO FERTILISATION Stojkovska S. Dimitrov G et al Medicus 2019 (IX)
- DISTRIBUTION OF HPV TYPES AMONG PATIENTS WITH POSITIVE HISTOLOGICAL FINDINGS FOR CERVICAL PRECANCEROUS LESION AND INVASIVE CANCER OF UTERINE CERVIX Goran Dimitrov, Elena Dzikova, Gligor Dimitrov, Gligor Tofoski, Ana Daneva- Markova, Marija Joksimovic, Ivana Kjajova Mac Med Review 2018; 73 (2):123-9
- DETERMINATION OF FETAL MATURITY WITH TRANSFORMATION OF FETAL THALAMUS SIGNAL Elena Dzikova, Goran Dimitrov, Olivera Stojceva Taneva, Gligor Dimitrov Mac Med Review 2017; 71 (1):32-37
- DIFFERENT TIMING OF ADJUVANT LOW DOSE HCG AND GNRH AGONIST TRIGGER PROTOCOL IN OHSS HIGH RISC PATIENT WITH PEAK E2 LEVEL <4000PG/ML Petanovska Kostova, E, Sotiroska V, Dimitrov G, Stojkovska S, Hadzi Lega M, Stojanovska D, Stamenkovska N, Simjanovska L, Petanovski Z Gynecol Obstet Reorod Med 2021 Feb. 20;26:203-9
- LAPAROSCOPIC PRECONCEPTUAL CERVICAL CERCLAGE- A SERIES OF 65 CASES USING A MODIFIED TECHNIQUE Gligor Dimitrov, Zoran Jovanovski, Rina Ljatifi Isaki, Goran Dimitrov, ISGE Annual meeting , Split, Aug 2021, Book of Abstracts
- EFFICACY OF TRICHLOROACETIC ACID IN TREATMENT OF HPV RELATED INFECTIONS OF THE UTERINE CERVICS Cockova Morarcalieva A, Velickova N, Kotlarova- Poposka S, Dimitrov G, Nakova M, Medicus, International Journal of Medical Sciences of the Association of the Albanian Doctors from Macedonia, 27 (1). Pp7-13. ISSN 1409-6366
- Efficiency of trichloroacetic acid in the treatment of subclinical HPV infections of the uterine cervix Morarcalieva Cockova A, Velickova N, Kotlarova- Poposka S, Dimitrov G (2022) Knowledge- Internationa Journal, 51(4). Pp 549-554. ISSN 1857-93X / 2545-4439 online

Учебници ***и*** прирачници

1. Упатства за практикување медицина заснована на докази Министерство за здравство на Република Македонија, Одговорен едитор, 2006/2007.
2. 60 години Медицински факултет, Медицински факултет, УКИМ, 1947-2007, Уредувачки одбор, 2007.
3. Медицински факултет 1947-2007 (документи), Медицински факултет, УКИМ, Уредувачки одбор, 2007.
4. Прва Работилница за оперативна гинеколошка ендоскопија со интернационално учество, Скопје 2010.
5. Oxford American Handbook of Clinical Medicine, John A. Flynn, превод и редакција.

6. Oxford Handbook of Practical Drug Therapy, Duncan Richards and Jeffrey Aronson, превод и редакција.
7. The Johns Hopkins Manual of Gynecology and Obstetrics, Kimberly B Fortner, Linda Szymanski, Harold E Fox and Edward E Wallach, превод и редакција.
8. Williams Obstetrics, Franck Cunningham, Kenneth Leveno, Steven Bloom, John Hauth, Dwight Rouse and Catherine Spong, превод и редакција.
9. Emergency Medicine Oral Board Review, William G. Gossman and Scott H. Plantz, превод и редакција.

Награди

Благодарница – Македонско лекарско друштво, 2000 Плакета – Македонско лекарско друштво, 2007

Плакета на Медицински факултет при УКИМ

Уверение за познавање на англиски јазик според Европска јазична рамка (CEF)- ниво C2

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци во овој извештај, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата смета дека кандидатот проф. д-р Глигор Димитров поседува голем квантум на стручни и наставно-научни квалитети, исполнувајќи ги притоа условите за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор од наставно-научната област гинекологија и акушерство. Проф. д-р Глигор Димитров е висококвалификуван стручњак од областа на гинекологијата, чие име се поврзува со голем број на пионерски процедури и методи што се воведени од него за првпат во Македонија. Неговото искуство од праксата, професор Димитров несебично го пренесува на студентите и специјализантите што се менторирани од него. Огромен дел од неговото искуство, проф. д-р Глигор Димитров го има публикувано во релевантни списанија од областа на гинекологијата, од кои голем дел се високореспектабилни списанија во медицината.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р Глигор Димитров во звањето насловен вонреден професор во наставно-научната област гинекологија и акушерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Ѓорѓи Бабушку, редовен професор во пензија - претседател с.р.**
**Д-р Славејко Сапунов, редовен професор во пензија – член, с.р.**
**Д-р Милка Здравковска, редовен професор – член, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА насловен вонреден професор **д-р** Глигор Димитров ***според критериумите за избор на наставници* и *соработници на Универзитет „Гоце Делчев”***

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Избран во насловен вонреден професор на ФМН при УГД - Штип (во декември 2012 г. и 2017 г.) | 2 | 30 | | | 60 |
| | ВКУПНО | | | | | **60** |
| Р. бр | Научноистражувачка дејност **и** стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание опфатено во (СЦИ / ЦА / останати)<br>Кандидатот има 3 труда публикувани во списанија со фактор на влијание (трудовите со реден број 7,8 и 11 од табелата)<br><br>Кандидатот има 7 труда публикувани во меѓународни научни списанија и тоа трудовите од 4, 5, 6, 9,10,13, и 14 од табелата | | | **3**<br>**7** | **9**<br>6 | **27**<br>42 |
| **3.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) земјата и во странство<br><br>– во земјата 3 (реден број 1, 2, 3 од табелата)<br><br>– во странство 1 (реден број 12 од табелата) | 3 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| | ВКУПНО | | | | | **74** |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност **и** организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4. | Учесник во два интернационални проекти од областа на гинекологијата | | | **2** | **8** | 16 |
| 5. | Учество на обуки и работилници | | | **2** | **2** | 4 |
| 6. | Член на институтски орган, комисија, здруженија | 4 | 1 | | | 4 |
| | ВКУПНО | | | | | **24** |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО, НИ, САОР) | | | | | **158** |

# Р Е Ф Е Р А Т

## НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „КОГНИТИВНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ШИЗОФРЕНИЈА”, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука број 0206-616/6 донесена на 6.10.2022 год., на 61. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Когнитивно функционирање и квалитет на живот кај пациенти со шизофренија”, на англиски јазик „Cognitive functioning and quality of life in patients with schizophrenia”, пријавена и изработена од кандидатот д-р Имран Мемеди, студент на трет циклус на студиска програма Невронауки, во состав:

– д-р Сашо Стојчев, редовен професор, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, претседател;
– д-р Ленче Милошева, редовен професор, Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, интерен ментор и член;
– - д-р Кнегиња Рихтер, редовен професор, Георг-Симон Технички универзитет, Приватен медицински универзитет Парацелзиус, Нирнберг, Германија, екстерен ментор и член;
– - д-р Гордана Станковска, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет во Тетово, член;
– - д-р Валентина Велкоска Накова, вонреден професор, Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Комисијата во горенаведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација која е пријавена и доставена од страна на кандидатот д-р Имран Мемеди претставува оригинален труд кој согласно со Програмата на трет циклус студии на студиската програма Невронауки е напишана на 208 страници, во А4 формат, со вкупно 40 табели, 26 графикони и 423 библиографски единици.

Содржината во трудот ги опфаќа следните поглавја: Вовед, Преглед на литературата, Цел на истражувањето, Методи на истражувачката работа, Резултати, Дискусија, Заклучок, Додаток и Користена литература.

Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација од аспект на: научен придонес, апликативен придонес, начин на пишување и изнесување на материјалот и конзистентноста.

Воведниот дел од докторската дисертација д-р Имран Мемеди го започнува со определувањето на шизофренијата во научната литература како тешко, хронично, прогресивно и ендогено психотично растројство, кое се карактеризира со првични промени во однесувањето, а подоцна до израз доаѓаат психотичните и психомоторните симптоми, како и когнитивниот дефицит. Пристапот во објаснувањето на мултифакторската етиологија во последната декада е покомплексен со развојот на невронауката, која има еден посеопфатен приод што е насочен кон развој на различните методи на испитување и истражување на етиологијата, епидемиологијата, генетските и наследните фактори, неуроимицинг техниките, невроанатомските, неврофизиолошките, клиничките, неврокогнитивните и психосоцијалните истражувања. Истовремено е опфатено и развивање на проекти и истражувања насочени кон деинституцијализација и подобрување на квалитетот на живот со сеопфатен и мултидисциплинарен пристап.

Потоа следи делот Преглед на литература, во кој детално и јасно се опфатени најсигнификантните обележја на шизофренијата, епидемиологијата, етиопатогенезата, психопатолошката слика и главните симптоми. Опишани се дијагностичките критериуми за шизофренија и психофармаколошкиот и психотерапевтски третман, посебно со когнитивно-бихејвиоралната терапија. Конечно, акцентот е ставен на когнитивното функционирање и падот во когнитивната функционалност, покрај разните други позитивни и негативни симптоми, како и детално излагање за квалитетот на живот на пациенти со шизофренија, поткрепени со референцирање од научна литература и истражувања од оваа област. Со потпоглавјето за когнитивното функционирање и квалитетот на живот на овие пациенти, кандидатот д-р Имран Мемеди јасно ја дава научната основа од каде што произлегува проблемот на ова научно истражување.

Когнитивната функционалност кај пациентите со шизофренијата се согледува преку брзината на обработка на информациите, вниманието, меморијата, мислењето, процесот на учење, решавањето на проблемите и социјалната когниција. Таа се смета за важна и основна карактеристика кај скоро сите пациенти со шизофренија и се појавува уште во првата епизода на шизофренијата, но се среќава и во преморбидната фаза, а веќе во понапредната фаза когнитивниот дефицит е константен и не може да се смета за секундарен, туку како својствен на болеста. Доминантната концептуализација го карактеризира квалитетот на животот како мултидимензионален конструкт кој опфаќа физички, психолошки и социјални димензии на функционирањето, а кои субјективно се проценуваат. Светската здравствена организација квалитетот на живот го дефинира како перцепција на животните позиции на поединецот во контекст на културата и системот на вредности каде што тие живеат и во релација со нивните цели, очекувања, стандарди и грижи. Од перспектива на здравјето или болеста, квалитетот на живот се однесува на социјалната, емотивната и физичката благосостојба на пациентот во текот на лекувањето, како и на влијанието на болеста врз секојдневното функционирање на пациентот со шизофренија. Воедно, овој феномен значи дека пациентот со шизофренија не само што сака да го преживее критичниот момент во својот живот, туку и да продолжи да живее со одреден квалитет на живот. По деталните и прецизни определувања на когнитивната функционалност/ дисфункционалност кај пациенти со шизофренија, како и квалитетот на нивниот живот, д-р Имран Мемеди дава осврт на научната рамка и важноста да се проучува нивната поврзаност.

Постоењето на однос помеѓу когнитивните функции и квалитетот на животот кај пациенти со шизофренија се докажани во истражувања каде се најдени значајни корелации помеѓу квалитетот на живот и некои домени на когнитивното функционирање, како што се: меморијата, јазикот, вниманието, социјалното функционирање и решавањето на проблемите. Когнитивните тешкотии се моќен индикатор на функционалноста и се од суштинско значење за адаптивна способност во околината, што доведува до низок функционален статус кај пациентите со шизофренија.

По обемниот литературен преглед и во рамки на теоретско-емпириската рамка на истражувањето, кандидатот ги дефинира **Целите на истражувањето**.

Основните цели на ова научно истражување се:

- Да се утврди каква е поврзаноста помеѓу когнитивното функционирање и квалитетот на живот во првата епизода и со хроничниот тек на шизофренијата;
- Да се утврди кои домени на когнитивното функционирање влијаат врз квалитетот на живот кај пациенти со шизофренија;
- Да се утврди дали е присутна поврзаност помеѓу когнитивното функционирање и позитивните и негативните симптоми кај пациенти со шизофренија;
- Да се утврди врската меѓу психопатологијата и квалитетот на живот кај пациентите со прва епизода на шизофренија и хронична шизофренија;
- Да се согледа дали третманот влијае врз подобрување на когнитивното функционирање кај пациентите со прва епизода шизофренија.

За реализација на детерминираните цели на својата докторска дисертација, во следното поглавје **Методи на истражувачката работа**, д-р Имран Мемеди ги презентира: дизајнот на студијата, материјалите и методите, како и карактеристиките на пациентите и

критериумите според кои се вклучени во оваа студија и детално го објаснува начинот на изведување на истражувањето.

По добивање на институционалната официјална согласност за спроведување на научното истражување, тоа е спроведено кај пациенти со шизофренија кои биле на болнички третман во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје - Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника по психијатрија - Скопје во текот на 2021 година. Истражувањето е спроведено на примерок од 106 испитаници од машки и женски пол на возраст од 18 до 60 години по случаен избор, кои боледуваат од шизофренија според дијагностичките критериуми на Меѓународната класификација на болестите – МКБ 10. Испитаниците се поделени во две групи: пациенти со шизофренија во прва епизода на болеста и пациенти со хронична шизофренија. Првата група се состои од 53 пациенти со поставена дијагноза на шизофренија со прва епизода од кои 30 (56.60 %) се мажи и 23 (43.40 %) се жени. Втората група ја сочинуваат 53 пациенти со хронична шизофренија од кои 27 (50.90 %) се мажи и 26 (49.10 %) се жени.

Притоа, за потребите на истражувањето ги употребил следниве мерни инструменти: за проценка на позитивниот и негативниот синдром на шизофренијата (Scale for positive and negative syndrome for schizophrenia-PANNS), за проценка на когнитивното функционирање (Schizophrenia Cognition Rating Scale Manual – SCoRS) за квалитетот на животот (World Health Organization Quality of Life-BRIEF или WHOQOL-BRIEF) и прашалник кој содржи прашања кои се однесуваат на контролните варијабли (пол, години на возраст, брачен статус, ниво на образование и должина на траење на болеста).

За статистичка обработка на резултатите е користена програмата SPSS.

Во поглавјето **Резултати** кандидатот д-р Имран Мемеди ги систематизира резултатите од своето истражување и истите прегледно, концизно ги презентира во 40 табели и 26 графикони.

Низ поставените хипотези на истражувањето кандидатот ја прикажал понатамошната интерпретација и дискусија на резултатите. За појасно следење, евалуацијата на добиените резултати се одвива по домените на когнитивното функционирање, позитивниот и негативниот синдром и квалитетот на живот кај пациентите со шизофренија.

Кај двете групи на испитаници д-р Имран Мемеди ги разгледал и разликите во нивото на когнитивното функционирање, позитивните и негативните симптоми и квалитетот на живот во однос на полот, годините на возраст, степенот на образование, брачниот статус. Внатре во основната група, која ја сочинуваат пациентите со акутна и хронична шизофренија, ги утврдил разликите во поглед на когнитивниот дефицит и психопатолошките симптоми во однос на квалитетот на живот кај испитуваните субјекти.

Во согласност со една од целите на истражувањето, ги издвоил тие фактори, посредници, за кои се претпоставува дека влијаат врз текот на основното шизофрено заболување, когнитивното функционирање, квалитетот на живот и психопатолошките феномени кои се предиктори при нивно настанување. Со споредување кандидатот доаѓа до увид дека различни домени на когнитивното функционирање и психопатолошките феномени се изразени кај испитаниците со акутна и хронична шизофренија, што има одредено значење врз нивниот квалитет на живеење. Добиените резултати и заклучоци претставуваат потврда на некои претходни истражувања и можат да се доведат во врска со основните теоретски концепти дадени во трудот.

Делот Дискусија претставува интегрирана целина во која д-р Иман Мемеди успешно ги сублимира и дискутира добиените резултати, компарирајќи ги со референтни наоди од светски истражувања. Во овој дел добиваме јасна слика за теоретско-емпириската рамка на истражувањето, методолошкиот дел и секако потврда на претпоставените хипотези, со можност да следиме богатство од наоди од референтна литература.

Како природен след на овој дел е делот Заклучоци, во кој се претставени серија јасни и концизни заклучоци.

– Присутна е значајна разлика меѓу вкупниот скор на когнитивното функционирање кај пациентите со акутна и хронична шизофренија. Пациентите со акутна шизофренија имаат повисоки вредности во однос на субјектите со хронична шизофренија, што оди во прилог на поизразена когнитивна функционалност.

- Адекватниот третман со антипсихотична терапија доведува до подобрување на когнитивното функционирање кај пациентите со шизофренија, односно присутна е статистичка разлика во однос на вкупниот скор на когнитивното функционирање на пациентите со шизофренија пред и по третманот.
- Кај субјектите со акутна шизофренија присутна е позитивна поврзаност меѓу позитивната скала и вкупниот скор на когнитивното функционирање, добиен од страна на пациент и известувач, но негативна поврзаност меѓу позитивната скала и вкупниот скор на когнитивното функционирање, добиен од страна на интервјуер. Негативната скала е во позитивна корелација со вкупниот скор на когнитивното функционирање на пациент, известувач и интервјуер.
- Кај субјектите со хронична шизофренија присутна е позитивна поврзаност меѓу позитивната скала и вкупниот скор на когнитивното функционирање, добиен од страна на пациентот и интервјуер, но негативна поврзаност меѓу позитивната скала и вкупниот скор на когнитивното функционирање, добиен од страна на известувач. Негативната скала е во позитивна корелација со вкупниот скор на когнитивното функционирање на пациент, известувач и интервјуер.
- Кај субјектите со акутна шизофренија присутна е позитивна поврзаност меѓу негативната скала и вкупниот скор на квалитет на живот, физичкото здравје и социјалните релации; но негативна поврзаност меѓу негативната скала, менталното здравје и животните услови. Од друга страна, кај субјектите со хронична шизофренија присутна е позитивна поврзаност меѓу позитивната скала и квалитетот на живот, физичкото здравје, ментално здравје и социјалните релации; но, негативна поврзаност меѓу позитивната скала и животните услови. Негативната скала е во позитивна корелација со вкупниот скор на квалитет на живот и социјалните релации; но, има негативна поврзаност со физичкото здравје, менталното здравје и животните услови.
- Текот на шизофренијата влијае врз квалитетот на живот кај испитуваните субјекти. Колку подолго трае растројството, доаѓа до поизразено редуцирање на квалитетот на живот кај испитаниците со шизофренија.
- Кај субјектите со акутна шизофренија е присутна позитивна поврзаност меѓу квалитетот на живот и вкупниот скор на когнитивното функционирање, добиен од страна на пациент и интервјуер, но негативна поврзаност со вкупниот скор на когнитивното функционирање, добиен од страна на известувач. Кај субјектите со хронична шизофренија е присутна позитивна поврзаност меѓу квалитетот на живот и вкупниот скор на когнитивното функционирање, добиен од страна на пациентот, но негативна поврзаност меѓу квалитетот на живот и вкупниот скор на когнитивното функционирање, добиен од страна на информатор и интервјуер.
- Полот, возраста, образовното ниво, брачниот статус и психопатолошките симптоми влијаат врз квалитетот на живот и неговите домени кај испитуваните субјекти со шизофренија.
- Присутна е позитивна корелација меѓу полот, возраста, образовното ниво, брачниот статус и домените на когнитивното функционирање кај шизофрените субјекти.
- Квалитетот на живот на субјектите со шизофренија зависи од психопатолошките симптоми на болеста. Негативните симптоми на шизофренијата претставуваат најважен предиктор на квалитетот на живот даден преку домените: физичко здравје, менталното здравје, социјални релации и животни услови.
- Истовремено, добиените истражувачки резултати ни покажуваат дека квалитетот на живот, даден преку домените: физичко здравје, ментално здравје, социјални релации и животни услови, зависи од сите домени на когнитивното функционирање. Секој домен има свое влијание врз квалитетот на живот на испитуваната популација.

Со ова кандидатот ја докажува поставената хипотеза дека квалитетот на живот кај пациентите со шизофренија е во тесна поврзаност со клиничките симптоми на болеста и когнитивното функционирање на испитуваните субјекти.

Последното поглавје во докторскиот труд претставува **Користена литература**, каде што се цитирани 423 библиографски податоци, главно од понов датум, но и базични литературни единици преку кои се добиваат соодветни сознанија за истражувачката актуелност на оваа тематика.

**2. Научен придонес** на докторската дисертација

Докторската дисертација е работена според Правилникот на трет циклус на студии и во неа постои конзистентност на деловите во рамките на целината. Добиените резултати статистички се обработени и презентирани на ефективен, концизен и разбирлив начин.

Заклучоците се конкретни и самите по себе можат да бидат мотив за понатамошни научни истражувања и клинички студии.

Оригиналниот придонес на овој докторски труд е во клиничко-апликативната и научна вредност. Ова е прво научно истражување со ваков предмет и цели на истражување во Република Северна Македонија. Со дозвола на авторите на инструментите и применувајќи соодветна психометриска постапка за испитување на психометриските карактеристики на применетите психодијагностички инструменти, во текот на истражувањето д-р Имран Мемеди применува психодијагностички инструментариум за проценка на когнитивното функционирање и квалитетот на живот кај пациентите со шизофренија кои досега не се употребени за истражувачки цели во нашата земја.

Клиничката апликативност се огледа во нудење на научна основа за подобар персонализиран третман и изработка на програми за подобро и навремено психоедуцирање и справување со когнитивната дисфункционалност, покрај другите пројавени симптоми. Дополнително, со примена на индивидуална КБТ психотерапија, како и со семејна системска психотерапија и вклучување на семејството се создаваат можности за подобар квалитет на живот кај пациентите со шизофренија. Врз основа на добиените резултати од истражувањето, д-р Мемеди предлага мерки за навремена превенција и подобрување, преку соодветен психофармаколошки и психотерапевтски третман, советување, лекување, рехабилитација и ресоцијализација.

Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот

По запишувањето на докторските студии, а пред одбраната на докторската дисертација д-р Имран Мемеди ги објавил следните рецензирани научни трудови:

1.Memedi, Imran and Miloseva, Lence (2021) *The impact of cognitive functioning on the quality of life in patients with schizophrenia.* Medical Journal Medicus, 26 (1). pp. 46-52. ISSN 1409-6366 UDC 61.

2.Memedi, Imran and Miloseva, Lence (2020) *Cognitive deficit, positive and negative symptoms in patients with schizophrenia.* Medical Journal Medicus, 25 (3). pp. 399-404. ISSN 1409-6366 UDC 61

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов *„Когнитивно функционирање и квалитет на живот кај пациенти со шизофренија”* од кандидатот д-р Имран Мемеди и донесе заклучок дека истата претставува самостоен научен труд, со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги исполнува сите условите за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Когнитивно функционирање и квалитет на живот кај пациенти со шизофренија” пријавена и изработена од кандидатот д-р Имран Мемеди и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Сашо Стојчев, редовен професор, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, претседател, с.р.**

**Д-р Ленче Милошева, редовен професор, Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, интерен ментор и член, с.р.**

**Д-р Кнегиња Рихтер, редовен професор,**
**Георг-Симон Технички универзитет, Приватен медицински универзитет Парацелзиус, Нирнберг, Германија, екстерен ментор и член, с.р.**

**Д-р Гордана Станковска, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет во Тетово, член, с.р.**

**Д-р Валентина Велкоска-Накова, вонреден професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.**

## РЕЦЕНЗИЈА

### НА РАКОПИСОТ „ПЕДАГОГИЈА“ – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА ОД АВТОР ДОЦ. Д-Р ЛИДИЈА КАМЧЕВА-ПАНОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-126/22 од 251. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 30.8.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **проф. д-р Анета Баракоска,** Филозофски факултет – Институт за педагогија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје,
– **д-р Борче Костов,** Филозофски факултет – Институт за педагогија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПЕДАГОГИЈА“ – рецензирана скрипта** од **доцент д-р Лидија Камчева-Панова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет Филолошки факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Педагогија“ – рецензирана скрипта од автор доцент д-р Лидија Камчева-Панова е пишуван според Наставниот план и програма за предметот Педагогија. Овој предмет се изучува како задолжителен изборен предмет на студиите од прв циклус на студиските програми Македонски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност и Турски јазик и книжевност, наставна насока, на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во четврта година, седми семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1. Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и во најголем обем ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Изборот на содржината на материјалот во оваа скрипта претставува сигурна основа за добра подготовка и вовед за успешна наставна пракса. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на ова учебно помагало во вид на скрипта по предметот Педагогија е претставена во текст од вкупно 100 страници, со 36 слики, структурирана во три поглавја и литература од 60 релевантни извори кои се користени во подготовката на материјалот. Учебното помагало е пишувано на македонски јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и се во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Педагогија.

Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Иако постојат вакви ракописи**, овој ракопис е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа што се обработува, како и систематичност на знаењата од областа за идните наставници по јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е наменет за студентите од Филолошки факултет – наставна насока и како ракопис и наставен предмет има значајно место и улога за запознавање и ширењето на педагошките погледи на студентите кои ќе бидат идни наставници по јазик и книжевност. Напишан на јасен и разбирлив македонски јазик, прифатлив за студентите коишто следат настава по предметот Педагогија. Текстот на скриптата се состои од вовед и три поглавја.

Првото поглавје *Вовед во педагогијата* е посветено на педагогијата како наука, нејзиното место во системот на општествени науки и педагогијата како систем од педагошки дисциплини. Авторката, понатаму, пишува за поврзаноста на педагогијата со другите науки: со филозофијата, социологијата, психологијата, антропологијата, кибернетиката, екологијата и др. науки. Се осврнува на педагогијата како наука за воспитанието, давајќи историски осврт за теоретскиот развој на педагогијата, почнувајќи од античкиот период (Питагора, Протагора, Сократ, Платон, Аристотел, Квинтилијан), средновековната педагогија (Фелтре, Кампанела, Рабле, Монтење, Ротердамски, Мор и Вивиен), нововековната педагогија претставена преку Коменски и Џон Лок, просветителската педагогија и педагошките мисли (Русо, Кант, Песталоци, Фребел и Дистервег). Понатаму, ни дава преглед за конституирањето на педагогијата како наука во 19 век, опфаќајќи ги размислувањата и значењето на педагозите Хербарт, Ушински, прагматичарот Дјуи, реформската педагогија претставена преку Кершенштајнер и неговата работна школа, Макаренко – социолошката педагогија и Марија Монтесори со нејзините теоретски и практични активности за училиштето и педагогијата по мерка на детето. Во ова поглавје се посветува внимание и на предметот и задачите на педагогијата, како и основните педагошки поими со кои располага педагогијата како наука за воспитанието.

Во второто поглавје *Општа педагогија (воспитание)* авторката се задржува на суштината и основните карактеристики на воспитанието, основните обележја на воспитанието, воспитанието во потесно и пошироко значење. Секако, се осврнува и на историскиот развој на воспитанието од првобитното општество, робовладетелското општество, доловувајќи ни го воспитанието во Спарта, Атина и Рим. Ни дава осврт и на воспитанието во феудалното општество, во периодот на распаѓање на феудалното општество и почетоците на капитализмот, преку периодот на илуминација – просветителството, доаѓајќи до воспитанието во граѓанското општество и воспитанието во Република Северна Македонија. Понатаму, се задржува на целта на воспитанието. Ги разработува физичко и здравствено, интелектуално, морално, работно-техничко и естетско воспитание, како општа слика на сестраниот развој на личноста, како и односот на воспитаник – воспитувач. Ги објаснува поимот, суштината, задачите, законитостите и принципите на воспитно-образовниот систем, преку анализата на воспитниот систем, образовниот систем и училишниот систем.

Третото поглавје *Воспитно-образовен систем во Република Северна Македонија* е посветено на структурата на воспитно-образовниот систем во РСМ, давајќи осврт на предучилишното образование, основното образование, средното образование, високото и образованието на возрасните. Ги разработува темите за Наставниот план и програма, нивната суштина, разлики, карактеристики, со посебен акцент на основното образование, потоа планирањето во наставата како предуслов за квалитетна, навремена, успешна и ефикасна подготовка, организација и реализација на наставниот процес. и националните стандарди со кои се определуваат компетенциите кои треба да ги стекнат учениците на крајот на основното образование. При крајот на ова поглавје, авторката дава слика на студентите, како работи и врз основа на кои документи и активности едно училиште ја врши својата воспитно-образовна задача, разработувајќи ги темите за развојно планирање на училиштето, годишната програма за работа на училиштето, самоевалуацијата и интегралната евалуација. Посветува внимание на наставниците, нивното учество и изработка на сите претходно наведени документи, а на студентите, преку овој дел од ракописот, им воочува на кој начин наставниците професионално и кариерно напредуваат опишувајќи ги задачите, работните обврски и активности за нивниот развој и унапредување. На крајот од ова поглавје се задржува на односите помеѓу училиштето, родителите и локалната заедница, како битен фактор за целокупното работење и функционирање на училиштето како институција и остварувањето на воспитно-образовните цели.

На крајот е прикажана користената литература, односно е наведен список на целокупната консултирана литература за потребите на овој ракопис. Оваа литература претставува и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги продлабочат своите знаења од оваа област.

## ЗАКЛУЧОК

Од анализата на понудениот ракопис за скрипта од авторката доц. д-р Лидија Камчева-Панова со наслов **„Педагогија“**, *Рецензентската комисија констатира дека е напишан според* предметна програма за прв циклус студии предвидена за студискиот предмет Педагогија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Според структурата и содржината ракописот е солидно разработен и кореспондира со современите тенденции во педагогијата. Нивото на информираност, употребата на стручната терминологија, содржината на критичките коментари успешно се направени.

Во елаборацијата на проблемите авторката користи мошне егзактен јазик и јасен стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, поврзување, споредување, спротивставување и корелација на сите поими со цел корисниците на ракописот да добијат знаења кои се систематизирани според нивното потекло, генеза, значење и меѓузависност. Ваквиот начин на третирање на проблемите обезбедува сознајно-структурална анализа која овозможува трајни знаења, учење со разбирање и современ третман на проблемите од областа на педагошката наука.

Овој ракопис, според својата структура и намена ќе биде од големо значење за студентите од Филолошки факултет кои го ќе го изучуваат предметот Педагогија, но и за пошироката популација на студенти кои се заинтересирани за проучување на фундаменталните прашања на современата педагошка наука.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ракописот со наслов „Педагогија“ – рецензирана скрипта од доцент д-р Лидија Камчева-Панова да го прифати за објавување како рецензирана електронска скрипта.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Анета Баракоска,** редовен професор, с.р.
**Д-р Борче Костов,** редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ XV-XVIII ВЕК“ ОД НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р ВЕСНА КОЖИНКОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1902-160/7 од 254. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 17.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Трајче Стамески, вонреден професор, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,
- д-р Ранко Младеноски, редовен професор, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија за ракописот **„ПРАКТИКУМ ПО МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ XV-XVIII ВЕК“** од насловен доцент д-р Весна Кожинкова наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот од насловен доцент д-р Весна Кожинкова со наслов „Практикум по Македонска книжевност XV-XVIII век“ понуден како универзитетско помагало за објавување во електронска форма на веб-порталот од Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се однесува на предметот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*, со неделен фонд на часови од 2+2+1, и е наменет за студентите од третиот семестар на *Катедрата за македонски јазик и книжевност* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. За практикумот на Кожинкова може да се каже дека е во согласност со Предметната програма за курсот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*, односно од содржината на практикумот може да се забележи дека авторката се придржувала до Предметната програма предвидена за курсот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*.

Наставното помагало „Практикум по *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*“ од Кожинкова содржи 67 страници, А4 формат, во кои се внесени бројни вежби, барања и задачи поврзани со книжевните дејци, како и со текстовите поместени во превод на современ македонски јазик. Практикумот се надополнува на секој наслов од скриптата насловена „Македонска книжевност XV-XVIII век“. Тоа значи дека скриптата и практикумот одат заедно во сет, а улогата на практикумот е преку одговарање на прашањата и задачите веднаш да се провери и да се вреднува новостекнатото знаење. Според обемот и содржината, а и според бројот на часовите за предметот Македонска книжевност XV-XVIII век, овој практикум ги задоволува сите услови предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Покрај тоа, треба да се има предвид и фактот дека практикумот преку своите прашања, задачи и барања упатува на сите наслови поврзани со македонската книжевност во конкретниот период. Заедно со скриптата со која оди во сет, практикумот има за цел да ги упати студентите во современите истражувања поврзани со македонската книжевност во конкретниот период. Освен тоа, но и најважно од сè, практикумот ќе ги насочи и ќе ги поттикне студентите кон темелна подготовка на двата писмени колоквиума и на завршниот испит по предметот Македонска книжевност XV-XVIII век.

Содржината на скриптата на Кожинкова е изложена во дваесет и три наслова: Предговор, Поствизантиските книжевни процеси и континуитетот на средновековната традиција, Преглед на жанровите, Новиот творечки концепт на хуманизмот и ренесансните појави, Книжевните дејци и ракописната препишувачка практика во XV и XVI век,

Димитар Кантакузин, Кратовски книжевен центар, Димитар Кратовски, Протопоп Лука Кратовски, Јоан Кратовски, Мардариј Серски, Слепченски книжевен центар, Висарион Дебарски, Дамаскинарска книжевност, Света Гора и македонската книжевна традиција XV-XVIII век, Развојните книжевни процеси во XVII и XVIII век, Вељко Попович, Михаил Кратовски, Јосиф Брадати, Христофор Жефаровиќ, Миграцијата на писменото книжевно наследство; Македонско-руски книжевни врски, Фолклорните елементи во книжевно-творечките искуства, Ракописно наследство пишувано на народен јазик, Појавата на печатарската дејност и старопечатено книжевно наследство, Литература.

На почетокот на практикумот, во *Предговорот*, Кожинкова посочува дека тој е наменет за студентите на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Нагласува дека овој практикум, кој оди заедно со скриптата „Македонска книжевност XV-XVIII век", е со намена студентите да бидат активно вклучени во наставата во склад со барањата на современата настава. Во него се поместени повеќе текстови пренесени на современ македонски литературен јазик. На таков начин студентите имаат можност да се запознаат со книжевната продукција на писателите од споменатиот период. Според авторката, прашањата и задачите поместени во овој практикум се конципирани на начин што студентите, освен што ќе ја совладуваат конкретната програма, ќе можат да ги практикуваат веќе стекнатите знаења по одредени предмети, но истовремено ќе стекнат знаења кои во иднина успешно ќе ги интегрираат и во други содржини. Очигледен е напорот на авторката на овој практикум на интертекстуално поврзување на конкретните текстови со текстови од постар датум, но и со текстови од современата македонска литература. Тоа, според Кожинкова, ќе им помогне на студентите да ги сфатат книжевните процеси од овој период како база на современата македонска книжевност.

Од анализата на насловите од практикумот се забележува дека тие одговараат на секој наслов од скриптата „Македонска книжевност XV-XVIII век". Под секој наслов има соодветни прашања, задачи и барања. Се забележува дека сите наслови немаат ист број на прашања, задачи и барања, но и присуство на прашања, задачи и барања од различен тип. Има прашања со поедноставени барања како, на пример: *Што е книжевен центар и кои биле познати книжевни центри во периодот XV-XVIII век? На колку групи може да се поделат жанровите според содржината и намената? Низ колку аспекти се одвива книжевната дејност во XV век? Кои се карактеристиките на оригиналните текстови? Кои книжевни споменици се поврзуваат со Кратовската книжевна школа?* Други прашања, пак, се посложени и во себе содржат повеќе барања како, на пример: *На кои библиски приказни авторот прави алузии во воведниот дел на текстот? Анализирај го односот Бог – ѓавол! Кои етички категории се спротивставени? Текстот во насловот е нотиран како расказ. Најдете ги сите белетристички карактеристики на текстот наспроти религиозните!* Во практикумот, како што најавува и во Предговорот, Кожинкова се обидува да воспостави врска со текстовите од постар датум, но и со подоцнежни текстови. Тоа се обидува да го направи преку следниве прашања: *Најдете врска меѓу македонската книжевна продукција на XV век и „Божествената комедија" на Данте Алигиери како предвесник на италијанската ренесанса? Каков средновековен жанр е молитвата? Прочитајте ја песната „Одземање на силата" од Блаже Конески и најдете сличности и разлики во мотивите! Каква била положбата на средновековниот човек? Прочитајте ги „Слово за празниците" од Кирил Пејчиновиќ и „Предисловие кон Утешение грешним" од Теодосиј Синаитски и споредете ги со „Поучение на простите" од Јосиф Брадати! Врз основа на споредбата со овој текст на Брадати дискутирајте зошто Брадати е нотиран како предвесник на просветителските идеи во Македонија*. Се забележуваат и прашања со кои авторката ги нагласува теориските, јазичните и стилските карактеристики на текстовите: *Опиши ги надворешните белези на „Молитва кон Богородица"! Пронајдете ги доминантните стилски фигури! Со кои јазични особености се карактеризираат тие текстови? На кој жанр му припаѓа текстот? Анализирај го јазикот и стилот на текстот! Кои стилски фигури доминираат?*

Богатиот избор на вежби, задачи и барања во „Практикумот по Македонска книжевност XV-XVIII век“ во голема мера ќе ги поттикне и ќе ги мотивира студентите кон активен интелектуално-емоционален пристап во совладувањето на предвидените наставни содржини за предметот *Македонска книжевност XV-XVIII век*.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот на насловен доц. д-р Весна Кожинкова со наслов „Практикум по Македонска книжевност XV-XVIII век“ што е понуден за објавување како рецензирано наставно помагало во електронска форма на веб-порталот на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип претставува методски разработен труд во кој на концизен, јасен и систематски начин, преку соодветни прашања, задачи и барања, се анализирани книжевните процеси во македонската книжевност во конкретниот период. Посебната вредност на овој практикум лежи во фактот што во него е нагласен континуитетот во македонската книжевна историја преку воспоставените интертекстуални врски на текстовите од постар и подоцнежен датум. Овој ракопис со наслов „Практикум по Македонска книжевност XV-XVIII век“ во голема мера ќе им помогне на студентите во совладувањето на Предметната програма по предметот Македонска книжевност XV-XVIII век. Во таа смисла, Практикумот ќе им биде од голема полза на студентите и при подготовката на двата писмени колоквиума, како и на усниот испит по предметот Македонска книжевност XV-XVIII век.

Врз основа на предочените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Практикум по Македонска книжевност XV-XVIII век“ од насловен доцент д-р Весна Кожинкова, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд во целост ги исполнува критериумите за објавување на учебници, практикуми и други наставни помагала предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Затоа, како членови на Рецензентската комисија со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотека на веб-порталот на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како рецензирано универзитетско наставно помагало по предметот Македонска книжевност XV-XVIII век.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајче Стамески, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Ранко Младеноски, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА РАКОПИСОТ „МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ XV-XVIII ВЕК“
ОД НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р ВЕСНА КОЖИНКОВА,
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1902-160/6 од 254. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана ден 17.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Трајче Стамески, вонреден професор, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
– д-р Ранко Младеноски, редовен професор, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија за скрипта „МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ **XV-XVIII** ВЕК” од насловен доцент д-р Весна Кожинкова**,** наменета за студентите на прв циклус студии на факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Скриптата од насловен доцент д-р Весна Кожинкова со наслов „Македонска книжевност XV-XVIII век“, понудена како универзитетско помагало за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се однесува на предметот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век* во *трет семестар*, со неделен фонд на часови од 2+2+1, и е наменет за студентите од третиот семестар на *Катедрата за македонски јазик и книжевност* на Филолошки факултет „Гоце Делчев“ во Штип. За скриптата на Кожинкова може да се каже дека е во согласност со Предметната програма за курсот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*, односно од содржината на скриптата може да се забележи дека авторката се придржувала до Предметната програма предвидена за курсот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*.

Скриптата со наслов „*Македонска книжевност* XV-XVIII *век*“ од Кожинкова содржи 73 страница, А4 формат, во кои се елаборирани книжевните процеси во македонската книжевност за периодот XV-XVIII век, а под секој наслов од содржините се дадени и прашања за проверување на новостекнатите знаења. Според обемот и содржината, а и според бројот на часовите за предметот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век,* оваа скрипта ги задоволува сите услови предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Покрај тоа, треба да се има предвид и фактот дека скриптата упатува на поголем број наслови поврзани со македонската книжевност во конкретниот период и на македонистиката воопшто, со што се покажува дека ова учебно помагало упатува на содржините на референтната литература настаната како резултат на книжевно-историските проучувања за конкретниот период. Со оглед на фактот дека скриптата е подготвена според специфичната Предметна програма за курсот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*, што го следат студентите од третиот семестар на Филолошки факултет во Штип, овој ракопис претставува оригинална скрипта што ќе ги упати студентите во современите книжевно-историски истражувања поврзани со македонската книжевност XV-XVIII век, како и поголем број наслови од темата со кои можат да ги прошират и продлабочат своите знаења. Освен тоа, скриптата ќе ги насочи и ќе ги поттикне студентите кон темелна подготовка на двата писмени колоквиума и на завршниот устен испит по предметот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*.

Содржината на скриптата на Кожинкова е изложена во тринаесет наслови и повеќе поднаслови: Предговор, Поствизантиските книжевни процеси и континуитетот

на средновековната традиција, Преглед на жанровите, Новиот творечки концепт на хуманизмот и ренесансните појави, Книжевните дејци и ракописната препишувачка практика во XV и XVI век, Кратовски книжевен центар, Димитар Кратовски, Јоан Кратовски, Мардариј Серски, Слепченски книжевен центар, Висарион Дебарски, Дамаскинарството и просветителските појави во XVI-XVIII век, Дамаскин Студит и Григориј Пелагониски, Света Гора и македонската книжевна традиција XV-XVIII век, Развојните книжевни процеси во XVII и XVIII век, Вељко Попович, Михаил Кратовски, Јосиф Брадати, Христофор Жефаровиќ, Миграцијата на писменото книжевно наследство, Македонско-руски книжевни врски, Фолклорните елементи во книжевно-творечките искуства, Ракописно наследство пишувано на народен јазик, Појавата на печатарската дејност и старопечатено книжевно наследство, Првите печатари во Македонија, Првиот македонски печатар Јаков од Камена Река, Првата македонска книжарница на Кара Трифун, Печатарската дејност на македонските печатари во Влашко во XVII и XVIII век и Литература.

На почетокот од скриптата, во *Предговорот*, Кожинкова посочува дека изучувањето на овој предмет има за цел студентите да го продолжат континуитетот на изучување на македонската литература во периодот од XV-XVIII век. Преку активноста на книжевните дејци, Кожинкова ја нагласува важноста на книжевните процеси во споменатиот период, а преку интертекстуалните проникнувања може да се препознаат и многу мотиви кои се присутни во текстовите од современата македонска книжевност. Скриптата, која оди заедно со практикумот, има за цел да им помогне на студентите во совладувањето на Студиската програма по предметот Македонска книжевност XV-XVIII век. Прашањата и задачите имаат за цел студентите да бидат активно вклучени во текот на предавањата. Интерактивниот пристап се наметнува како примарен во склад со барањата на современата настава. На тој начин студентите се ставаат во активна позиција и стануваат водечки фактор во процесот на учење.

Во првиот наслов *Поствизантиските книжевни процеси и континуитетот на средновековната традиција*, авторката дава преглед на книжевните процеси во Македонија во периодот XV-XVIII век. Тие книжевни процеси ги претставува во историската и политичката констелација на конкретниот период. Нагласувајќи ги факторите кои условиле бавен и специфичен развој на македонската книжевност во конкретниот период, ги претставува актуелните книжевни процеси како континуитет на средновековната традиција. Во периодот XV-XVIII век книжевните процеси се случуваат во традицијата на книжевните и скрипторските центри во кои, како што нагласува Кожинкова, книжевната продукција продолжила да се сведува, главно, на преведување или препишување на разновидните жанровски форми, но и создавање на оригинална литература. Преведувачката и препишувачката дејност во овој период резултирала со фреквенција на повеќе жанровски форми како резултат на претходната книжевна традиција, но и создавање на нови. Овој дел авторката го завршува со констатација дека сите овие книжевни процеси се основата на која ќе се создадат просветителските и преродбенските будења во наредниот век.

Во вториот наслов *Преглед на жанровите* авторката ја следи трансмисијата на жанровскиот систем во македонската поствизантиска книжевност и нивната демократизација. Нејзиниот заклучок е дека доаѓа до проширување на жанровските структури со сè понамалено присуство на одминатите, постари форми. Жанровите ги дели во неколку групи: библиски текстови, литургиски текстови, зборници со монашко-поучителни, хагиографски и панегирично-проповедни текстови и белетристички текстови.

Третиот наслов *Новиот творечки концепт на хуманизмот и ренесансните појави* е дел во кој авторката ја препознава и нотира појавата на хуманистичките идеи и ренесансните појави во македонската книжевност. Нив ги препознава во рамките на исихастичко-рационалистичкиот спор, кој бил посебно актуелен во конретниот период и преку идеите и ставовите на носителите на тој спор – **Григориј Синаит и Григориј Палама**, **од една страна, и Бернард Варлаам и неговиот следбеник Григориј Акиндин**, **Македонец од Прилеп**, **од друга страна. Овој спор, според Кожинкова, е причина за навлегувањето на хуманистичките идеи во книжевните процеси што резултира со збогатување на мотивите, со трансмисија на жанровскиот систем и со негово збогатување со нови белетристички творби или неканонски состави.**

*Книжевните дејци и ракописната препишувачка практика во XV и XVI век* е четвртиот наслов во скриптата во кој Кожинкова ги следи книжевните процеси и протагонистите во конкретниот период. Тука, откако ги нагласува основните аспекти на книжевната практика во тој период, таа се осврнува на книжевното творештво на Димитар Кантакузин.

Со оглед на тоа што авторката уште со првиот наслов има нагласено дека книжевните и скрипторските центри се важно место за развојот на книжевните процеси, во наредните два наслова: *Кратовски книжевен центар* и *Слепченски книжевен центар* ги дава основните податоци за двата, во тоа време важни книжевни центри. Во нивното елаборирање авторката ја нагласува нивната книжевна активност преку податоците за животот и дејноста на нивните главни протагонисти: Димитар Кратовски, Јоан Кратовски, Протопоп Лука Кратовски, Мардариј Серски и Висарион Дебарски.

Важноста за појавата на дамаскинарските текстови составени од нивниот идеен творец Дамаскин Студит, а посебно нивниот превод на македонски јазик од Григориј Пелагониски, Кожинкова го елаборира во насловот „Дамаскинарството и просветителските projави во XVI-XVIII век, Дамаскин Студит и Григориј Пелагониски". Во него авторката прави анализа на тие текстови според јазикот, содржината и видот на текстовите застапени во дамаскинарските зборници.

Во насловот *Света Гора и македонската книжевна традиција XV-XVIII век* авторката ја посочува Света Гора како важен книжевен центар за македонската книжевна традиција и покрај нејзината територијална оддалеченост. Таа важност ја нагласува преку дејноста на неколку имиња кои оставиле белег со својата активност и текстови кои потекнуваат од таа книжевна школа.

Книжевната традиција од XVII и XVIII век е проследена во насловот *Развојните книжевни процеси во XVII и XVIII век*. Во овој дел авторката детално ги елаборира книжевните процеси во тој период преку податоци за животот и книжевната активност на Вељко Попович, Михаил Кратовски, Јосиф Брадати и Христофор Жефаровиќ.

*Миграцијата на писменото книжевно наследство, Македонско-руски книжевни врски* е наредниот наслов. Анализирајќи ги причините за миграција на македонското книжевно наследство, Кожинкова ја нагласува активноста на повеќе славистички имиња кои учествувале во тој процес. Интересно е тоа што таа тука ги потенцира двонасочните македонско-руски врски.

*Фолклорните елементи во книжевно-творечките искуства, Ракописно наследство пишувано на народен јазик* е наредниот наслов. Во него Кожинкова ги следи врските помеѓу фолклорот и текстовите од книжевноста на средниот век кои извршиле влијание врз народното творештво поради што се доаѓа до непосреден контакт на двете творештва – на книжевното и народното.Тука таа дава и соодветни примери од некои средновековни текстови и нивното влијание врз фолклорот.

Последниот наслов *Појавата на печатарската дејност и старопечатено книжевно наследство* Кожинкова го посветува на појавата на печатарската дејност во Македонија, преку активноста на првите македонски печатари кои дејствувале на територијата на Македонија, но и такви кои имале евидентна печатарска дејност надвор од границите на Македонија. Тука посебно ја  нагласува појавата на првата книжарница во Македонија која се појавила поради забрзаното ширење на печатени книги.

Содржината на скриптата, исто така, е збогатена и со еден дополнителен методско-методолошки инструмент, односно со „Што треба да знаете?" на крајот од секоја наставна единица што во голема мера ќе ги поттикне и ќе ги мотивира студентите кон активен интелектуално-емоционален пристап во совладувањето на предвидените наставни содржини за предметот *Македонска книжевност* XV-XVIII *век*.

## ЗАКЛУЧОК

Скриптата на насловен доцент д-р Весна Кожинкова со наслов „Македонска книжевност XV-XVIII век“ што е понудена за објавување како рецензирано универзитетско помагало во електронска форма на веб-порталот од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип претставува методски разработен труд во кој на концизен, јасен и систематски начин се разгледани книжевните процеси на македонската книжевност во конкретниот период, како континуитет на претходната книжевна традиција, како и влијанијата кои тие книжевни процеси ќе ги имаат во наредните периоди во развитокот на македонската книжевност. Оваа скрипта со наслов „Македонска книжевност XV-XVIII век“ во голема мера ќе им помогне на студентите во совладувањето на Предметната програма по предметот Македонска книжевност XV-XVIII век. Во таа смисла, скриптата ќе им биде од голема полза на студентите и при подготовката на двата писмени колоквиума, како и на усниот испит по предметот Македонска книжевност XV-XVIII век.

Врз основа на предочените и образложени факти за содржината на скриптата со наслов „Македонска книжевност XV-XVIII век“ од насловен доцент д-р Весна Кожинкова, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд во целост ги исполнува критериумите за објавување на учебници и други наставни помагала предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотека на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како рецензирано универзитетско помагало по предметот Македонска книжевност XV-XVIII век.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајче Стамески, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Ранко Младеноски, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ (УЧЕБНИК) „ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО - ОПШТ ДЕЛ” ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР МАРИЈА АМПОВСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1102-146/21 од 19.10.2022 година од редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 18.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Станка Стјепановиќ, редовен професор на Правен факултет, Универзитетот во Источно Сараево,
- д-р Михајло Цветковиќ, вонреден професор на Правен факултет, Универзитетот во Ниш

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис (учебник) „Облигационо право **-** општ дел” од вонреден професор д-р Марија Амповска**,** наменет за студентите на прв и на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По внимателно читање на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Ракописот со наслов „Облигационо право – општ дел“ е учебник кој е наменет како основна и задолжителна литература за изучување на истоимениот предмет Облигационо право. Според актуелната студиска програма за прв циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев”, предметот Облигационо право е предвиден како задолжителен предмет на прв циклус студии, за студентите на правни студии во Штип и во Струмица, со фонд на часови 3+2+2 и 8 кредити. Содржината на учебникот во целост соодветствува со наставната програма за предметот Облигационо право и ја опфаќа целосно наставната материја за оваа студиска програма.

Учебникот е наменет и според содржината одговара и може да се користи како дел од задолжителните литератури за втор циклус студии за студиска програма:

- едногодишни студии по Граѓанско право во чии рамки е предвиден предметот Облигационо право, како задолжителен предмет во втор семестар, со фонд на часови 3+2+2 и број на кредити 8.

Податоци за обемот на ракописот: **Содржината на учебникот Облигационо право е претставена на вкупно** 315 **страници во А4 формат, со проред 1, а употребен е фонт на букви** Arial **и големина на букви 11, согласно со Упатство за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (ОИДК. ОБ.15). Сметаме дека обемот на содржината на учебникот ги задоволува критериумите според бројот на часови предвидени за истоимениот предмет според наставната програма и силабусот и истиот е во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип**.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Во домашната правна литература и помеѓу универзитетските учебници, според она што им е познато на рецензентите, е објавен учебник по Облигационо право во 2008 година од страна на професорите Гале Галев и Јадранка Дабовиќ-Анастасовска. Овој објавен учебник е од големо значење за учебникот на кој се однесува рецензијата, бидејќи содржи темелна разработка и структурирање на материјата на облигационото право, како на општата теорија на облигационото право, така и на посебниот дел кој се однесува на одделни видови договори. Авторот на учебникот „Облигационо право - општ дел“ во изработката на ова дело ја следи структурата на

претходниот учебник, приспособувајќи го во исто време на Наставната програма и студентите за која е наменет. Ова од друга страна значи дека учебникот „Облигационо право - општ дел“ е помал по својот обем, истиот не го содржи посебниот дел на облигационото право, односно посебните договори (со оглед на фактот дека тие на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се изучуваат во рамките на изделениот предмет Договорно право) и институтите на општиот дел на облигационото право ги приспособува на потребите на студиите од прв циклус и степенот на знаење што студентите треба да го стекнат во рамките на истоимениот предмет. Токму од овие причини од големо значење е објавувањето на учебникот „Облигационо право - општ дел“ бидејќи за првпат со него се систематизира материјата во една целина која соодветствува со наставната програма и потребите од изучување на овој предмет. На студентите за прв пат ќе им биде ставен на располагање академски учебник од наставниот професор кој содржи теоретска обработка на сите значајни прашања и теми на облигационото право, како и приказ на компаративна теорија и практика на одредени прашања кои му припаѓаат на облигационото право, со цел материјата да се доближи до студентите и истите полесно да ја спознаат и да ги утврдат стекнатите знаења. Во учебникот се содржани научните сознанија до кои авторот има дојдено во текот на својата повеќегодишна научноистражувачка дејност која во континуитет на полето на отштетното, облигационото право и правото на осигурување, а воедно е консултирана во значаен обем домашна и странска релевантна (актуелна) правна литература, како и литература која се смета за класика на облигационото право. Според нашите сознанија и поради следењето на научниот развој на авторката можеме да констатираме дека дел од материјата обработена во овој учебник се веќе објавени од страна на авторот во соодветни публикации во текот на овие години. Другиот дел од обработената материја се нови научни текстови, оригинални и создадени само за целите на овој учебник, со цел поврзување на целата материја на облигационото право, нејзино дополнување, продлабочување и приспособување на намената оваа публикација да се користи како учебник за студентите на правни студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев» во Штип, како и како правна литература за студентите на останатите правни факултети, припадниците на правничката заедница во државата чија професија опфаќа примена на правото, како што се адвокатите, судиите, нотарите, извршителите, како и во секоја друга пригода каде што се проучува материјата на облигационото право во нашата држава. Начинот на кој е обработена материјата, обработката на методските единици користената литература и коментирањето на одредените одредби и практика го прави учебникот оригинално авторско дело на авторот во кое е сублимирано солидното познавање на материјата. Овој учебник воедно претставува значајно збогатување на научната литература на нашата академска заедница. Така како што е конципиран, сметаме дека учебникот ќе биде користен особено за студентите за високообразовниот процес и целата академска заедница, но содржините се интересни и за правните практичари и сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

Краток опис на содржината**:** Целокупната материја на облигационото право во рамките на овој учебник е поделена во три дела. Првиот дел е насловен *Поим, извори и начела на облигационото право*. Тој содржи три глави.

Првата глава е насловена *Поим на облигационото право* и претставува воведна тема која има за цел да ги претстави значењата на поимот облигационо право, како и неговото место во правниот систем како целина, а посебно односите кои постојат помеѓу неговите посебни делови, како и помеѓу облигационото право како целина и останатите правни дисциплини кои му припаѓаат на граѓанското право, но и дисциплини кои му припаѓаат на јавното право, како што е кривичното право.

Втората глава од првиот дел на учебникот е насловена *Извори на облигационото право* и во неа авторот најпрво ја истакнува поделбата во правната теорија на извори кои ја регулираат оваа материја, а потоа се задржува на формалните извори на облигационото право. Авторката ги прикажува во учебникот најзначајните карактеристики на формалните извори на облигационото право во рамките на домашното право и тука зборува за Уставот, Законот за облигационите односи, правните стандарди, општите услови, обичајот, моралот, судската практика и правната наука, како и меѓународното право.

Третата глава е насловена како *Начела на облигационото право* и во неа авторката го запознава читателот со начелото на слободно уредување на облигационите односи, начелото на еднаквост и рамноправност, начелото на еквивалентност, начелото на забрана за злоупотреба на правото, начело на совесност и чесност, начело на справедливост, начело на забрана за предизвикување на штета, како и со посебните начела на отштетното право. Авторката при приказот на овие елементи ја користи компаративната правна теорија, како и домашното позитивно право испреплетувајќи го низ материјата секаде каде што тоа соодветствува. На овој начин за студентите се создава една целосна сликата за овие поими која опфаќа практични аспекти од нивната примена во законодавството поткрепени со теоретска разработка и објаснувања.

Вториот дел од учебникот „Облигационо право - општ дел“ е насловен *Општо учење за облигационите односи*. Овој дел содржи четири глави.

Првата глава е насловена *Поим, карактеристики и видови на облигациони односи*, а во неа се дава приказ на определувањата за поимот на облигационите односи кои се среќаваат во правната литература, како и определувањето на поимот кој е прифатен во учебникот. Потоа се разработуваат карактеристиките на облигационите односи и се дава приказ на определба на авторката за примена на одредена поделба на облигационите односи на определени видови, која воедно е позната на домашната правна теорија. Авторката ги претставува видовите на облигациони односи според степенот на нивна правна уреденост, според правната заштита, според правниот факт, со оглед на нивните страни, со оглед на видот на дејствието и со оглед на нивната содржина.

Втората глава е насловена *Настанување на облигационите односи* и во неа авторката ги разработува трите општи услови за настанување, односно одделно се зборува за страните на облигационите односи, за предметот на облигационите односи и за правниот факт кој доведува до настанување на облигационите односи.

Третата глава е насловена како *Содржина, дејство и промени во облигационите односи*, и во посебни наслови и поднаслови се обработуваат сите три прашања.

Четвртата глава со наслов *Престанување на облигационите односи* ги опфаќа прашањата за престанување со исполнување, пребивање, отпуштање на долг, соединување, невозможност за исполнување, истек на време и отказ, смрт на страните, како и посебна обработка на институтот застареност кај облигационите односи.

Третиот дел од учебникот „Облигационо право - општ дел“ е насловен *Видови облигациони односи* и во него се разработуваат општите прашања кои се однесуваат на условите за настанување, содржината и спецификите на петте видови облигациони односи според домашното право. Овој дел содржи три глави.

Првата глава е со наслов *Облигациони договори* и ги обработува прашањата од договорното право кои спаѓаат во општата теорија на облигационото право.

Втората глава е со наслов *Облигациони односи настанати со причинување на штета* и ги обработува општите прашања на отштетното право, вклучувајќи ги општите услови за настанување на овој облигационен однос, посебните услови и видовите одговорност спрема нив, како и институтот надомест на штета.

Третата глава е со наслов *Останати облигациони односи* и во неа се зборува за стекнувањето без основа, работоводството без налог и едностраните изјави на волја.

**ЗАКЛУЧОК**

Авторката подготвила научна книга наменета за наставно-научната дисциплина Облигационо право. Имено, ракописот „Облигационо право - општ дел" е наменет пред сè за учебник па оттаму методолошки е одлично приспособен за совладување на испитната материја и за постепено совладување на предметната програма на предметот Облигационо право. Авторката создала самостојно авторско дело преку правилно користење на богатата литература и подготвила учебник што до сега како наслов не бил објавуван во рамките на матичниот Универзитет. Вредноста е препознатлива и во тоа што ракописот може да се користи во совладување на повеќе предметни програми, како и да биде корисна алатка за практичарите.

Врз основа на изнесеното, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Штип овој ракопис насловен „Облигационо право - општ дел" да биде издаден како учебник за студентите на прв и на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев» во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Станка Стјепановиќ, редовен професор, с.р.**
**Д-р Михајло Цветковиќ, вонреден професор, с.р.**

**ПРЕГЛЕД**

**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ФПТН | 0206-586/2 од 29.9.2022 г. | „Дефинирање на мрежа на геомагнетни станици на територијата на Република Косово“ / „Defining a network of geomagnetic repeat stations on the territory of the Republic of Kosovo“ | проф. д-р Тодор Делипетров, интерен ментор<br><br>проф. д-р Драгана Черних, екстерен ментор | Беким Селими |
| | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен **1.11.2022** година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА | 1. Минимализмот во циклусот композиции Метаморфозис на Филип Глас | 1402-96/14 од 18.10.2022 г. | Проф. д-р Емилија Потевска-Попивода | Вера Поповска |
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 2. Посвојувањето во Република Северна Македонија vis a vis компаративните законодавства | 1102-146/20 од 19.10.2022 г. | Вон. проф. д-р Милица Шутова | Ирена Цијева |
| | 3. Казнено-правни и криминолошки аспекти на рецидивизмот | 1102-146/18 од 19.10.2022 г. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Ангела Димеска |
| | 4. Семејно насилство преку анализа на судска пракса во Основен суд - Кавадарци | 1102-146/19 од 19.10.2022 г. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Ивана Недева |